**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Второто продолжение на Шеснаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 18 декември 2006 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 15,06 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господин Иван Анастасовски, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**Иван Анастасовски:** Продолжуваме со работа по шеснаесеттата седница на Собранието.

Пратениците Ристо: Пенов, Јован Манасијевски, Андреј Жерновски, Илинка Митрева, Славица Грковска, Тале Герамитчиоски, Мирјана Секуловска, Панче Дамевски, Фијат Цановски, Али Ахмети, Рафис Алити, Љубчо Георгиевски, Азис Положани, Ѓорѓи Оровчанец, Абдуладди Вејсели, Даут Реџепи и Насер Ајдини ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

(пратеникот Насер Ајдини реагира бидејќи е присутен).

Предлог на буџет на Република Македонија за 2007 година- продолжуваме со општ претрес по Предлогот на буџетот на Република Македонија за 2007 година.

Има збор пратеникот господин Сафет Незири. Повелете.

**Сафет Незири:** Почитувани пратеници, бидејќи продолжуваме со општата расправа по Предлог буџетот за 2007 година, врз основа на Експозето на министерот за тоа што се предвидува за 2007 година елабирано според него, областите каде што тој мисли дека треба да се преземаат економски и финансиски мерки за да оди Република Македонија понатаму и да се подобри фактичката состојба која што ја имаме сега. Јас не сум познавач на економската и финансиската област,меѓутоа, елаборатот кој што беше тука изложен од министерот мислам дека беше површински и воопшто немаше подетално навлегување околу овој Предлог буџет за 2007 година. Мислам дека за едно детално елаборирање би требало минимум два часа елаборирање за тоа каде би требало да се елаборира, за тоа каде треба да се интервенира, како треба да се интервенира и што треба да се подобри и во што треба да се инвестира, во целосната економска област во Република Македонија, затоа што имаме многу витални точки каде што навистина треба нешто да се подобри во оваа ситуација која што е настаната. Мислам дека предвидените финасии за Буџетот за 2007 година треба да се распределат во сите сегменти на подеднаков начин, треба да се опфатат сите области на дејствување на подеднаков начин. Треба истовремено да се интервенира финансиски и да се финансираат единиците на локалната самоурпава, односно општините, каде што повеќе треба да се поммогнат истите, затоа што главната основа на економско-финансиското дејствување е развој на општините, кој го имаат токму општините и општинските совети со нивните градоначални. Ќе се задржам повеќе на областа на образованието, областа на инфраструктурата, патната и водоводната инфраструктура и канализацијата.

Беше напомнато дека една милијарда денари повеќе одколку во 2006 година се предвидува за интервенирање во областа на образованието, односно од десет милијарди и нешто денари сега се предвидуваат околу единаесет милијарди денари, со кои ќе се интервенира финансиски за подобрување на состојбата на образованието. Се спомна во минатото дека треба да се интервенира средното образование да стане задолжително. Кога ги читам известувањата во средствата за јавно информирање, некои претставници на Владата зборуваат во насока на тоа дека треба да се направи компјутеризација и модернизација на образованието во Република Македонија и потполно се согласувам со тоа. Меѓутоа, се поставува прашање дали некој од Владата отишол да ги посети училиштата во руралните области и места ,за да види како се одвива образовниот процес и во какви услови се одвива истиот. Во училиштата во дел од западна и од северозападна Македонија, каде што јас гравитирам, имаме училишта кои немаат училници, имаме училишта и училници каде што има по 40 ученици, имаме училишта каде што се работи во три смени и еден час трае по 30 минути наместо ефективни 45 минути. Јас мислам дека Буџетот и економската политика на Македонија и на Владата треба да се ориентира повеќе во подобрувањето на состојбата на основните училишта, а потоа и на средните училишта со капитални инвестирања, затоа што моментално со Уставот е гарантирано основното образование. Се говори за компјутеризација, но каде може да се направи компјутеризација во едно училиште на пример во селото Арачиново каде се работи во три смени без никакви услови за учење. Замислете, паралелките од прво до осмо одделение имаат по 40 ученици во еден клас и се настојува таму да се внесат компјутери. Како може нешто вакво да се направи, кога почнуваме и од минатите влади од 1990 година наваму со подобрување на училишната инфраструктура условно кажано во основното образование и многу малку се работело во оваа насока. Јас мислев во капителните расходи елаборирани од министерот требаше навистина да се нагласи, можеби да се нагласат и неколку по критични училишта што се за обнова и градење на дополнителни објекти на тие училишта. Јас сум интервенирал со амандман за Основното училиште во Сингелич, во Арачиново, кое се вбројува во училиштата со над 3.000 ученици, што значи дека е големо училиште и само централното училиште има над 1.200 ученици. Таму навистина треба да се помогне. Имаме конкретен случај кога се работи за компјутеризација на училиштата, на пример,

Гимназијата “Зеф Љуш Марку”, која функционира 53 години како училиште и до ден денешен оваа Гимназија нема свој објект. Врз основа на некои податоци што ги видов во Буџетот, се предвидува една сума од 500.000 евра за уредување и заокружување на градењето на ова училиште, што мислам дека е многу малку, затоа што училиштето има само ѕидови без покрив. Исто така тука поднесов амандман да се интервенира со дополнителни 500.000 евра за да се заокружи градењето. Тука се говори за тоа како може да се направи компјутеризација на училиштето “Зеф Љуш Марку” кога во еден објект работат две училишта, а тоа Гимназијата “Никола Карев” и Гимназијата “ Зеф Љуш Марку”. Како ќе може секој ученик да добие по едне компјутер, а во истата зграда функционираат две училишта.

Во областа на инфраструктурата, иако сме дваесет и први век, за жал, Република Македонија се соочува со некои работи кои се можеби многу елементарни, што се однесува до Европската Унија, сеуште не ни е уреден патниот систем и инфраструктурата, сеуште имаме села и големи населби кои сеуште казат по кал и таму не е предвидено уредување на некоја патна мрежа. Кога станува збор за водоводниот систем, веќе 11 години селото Арачиново со 12.000 жители сеуште има непречистена вода односно населението пие вода од бунари. Досега биле доделени средства од продажбата на Телеком во износ од 450.000 марки и некоја дополнителна пмош од КАРДС програмата. Селото Арачиново навистина има потреба од таково нешто, затоа што станува збор за населба која гравитира кон градот Скопје со доста голем број на жители, но има недостаток на вода. Замислете како функционира основното училиште во Арачиново. Имам документ кој подоцна ќе го елаборирам и ќе расветлам, врз основа на амандманот кој сум го поднел дека Инспекторатот кој направил анализа на водата во Арачиново го забранува пиењето на водата во селото Арачиново и во училиштетото и во амбулантата.

Во оваа насока, мислам дека треба задолжително претставниците на оваа Влада да превземат за подобрување на состојбата со питка вода, нешто што е највитално, најсуштинско и есенцијално за граѓаните на оваа општина, посебно селото Арачиново.

Кога говориме за системот на канализација, говорам за делот каде што гравитирам и ја знам состојбата подобро. Почнат е процесот на канализација од село Стајковци до еден ден од селото Сингелич и тука завршува. Потоа продолжува еден дел од селото Сингелич до наслебата Ченто и завршува во селото Инџиково. Замислете ги сите загадени и фекални води што завршуваат во центарот на селото Инџиково, делот кој што е вклучен во селото Сингелич и во населбата Ченто. И тука господине министер сум интервенирал амандмански за да се помогне навистина на овие четири населби што гравитираат кон градот Скопје.

Кога говорев за патниот систем, да ме разберат погрешно другите пратеници, но верувајте сум поминал и во источниот дел на Република Македонија, има населби каде густината на населението е многу мала и во тие населби можеби со малку куќи, со едне мал процент е уреден патниот систем, патната мрежа, уреден е и водоводниот систем и исто така телефонската мрежа, а да не говорам за електричната мрежа. Меѓутоа, во другиот дел во Република Македонија каде е најголемата густина и концентрација на населението, верувајте со самопридонес и многу иницијативи од самите селани и граѓаните на општините, со самофинансирање се уредуваат патиштата, се уредува водоводот, а често пати и канализацијата. Сосема ја разбирам оваа Влада дека можеби сака да направи ревитализација на селата, што е сосема е во ред ,меѓутоа, секако треба оваа Влада и ние како Парламент да го помогнеме тоа население кое е со голема концентрација на густина во тие села, да се помогне за да се развијат понатаму, за да остане концентрацијата на населението тука и да немаме миграција село-град, туку наспроти тоа, досегашната владина политика не само на оваа Влада ги оставила нив на страна. Пак велам, се согласувам да се направи ревитализација на селата за да можат луѓето да се вратат во тие места, меѓутоа треба да се сочува и населението кое е сконцентрирано во поголем дел само преку инвестирање.

Што се однесува на капиталните инвестирања, како пример ќе го земам повторно селото Арачиново и исто така и делот на општина Липково, каде сеуште имаме куќи или населби за кои констатацијата од соодветната Комисија условно да ја наречам проценила дека една оштетена три катна куќа чини само колку една куќа од еден кат. Значи проценката на селаните кои биле оштетени за време на конфликтот од 2001 година, не е целосна, многу куќи и до денес не се уредени. Мислам дека и тука треба да се интервенира од Буџетот, на овие луѓе да им се средат куќите, да се обноват без оглед на нивната етничка припадност, без оглед дали се Македонци или Албанци, за да можат луѓето да се вратат во своите куќи.

Мислам дека делот на селото Арачиново треба да го помогнеме уште еднаш. Говорам за водоводот и бројот на жителите во селото, 800 куќи од нив добиваат социјална помош и тие немаат можност да го уредат својот статус, немаат можност да се вклучат во водоводниот систем. Остана само процесот на вклучување во водоводниот систем и на тој начин да се помогне и процесот на спроведување на водоводот во селото Арачиниво за голем дел од селаните. Мислам дека во овие сегменти од овој Буџет со овие елементи што ги спомнав треба да се интервенира амандмански, а јас веќе сум поднел амандмани и ќе барам поддршка од сите пратеници, особено во делот на водоводот и во делот на образованието на ученици за да ни помогнете, за да им помогнеме на луѓето кои живеат таму, затоа што без

капитални инвестиции развојот во оваа насока мислам дека многу ќе заостанува, затоа што еден од основните услови за да оди Македонија напред и основната база е образованието да биде ефективно, образованието да го има потребното место во Република Македонија, посебно во руралните места или пак во местата каде што невработеноста е многу голема и интервенциите се многу мали. Благодарам, толку би рекол за овој дел.

**Иван Анастасовски:** Дали некој меѓу пријавените за збор има реплика? (нема) Има збор пратеникот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани министри, претставници на Владата,

Би сакал и јас да се вклучам во расправата за Буџетот како најважен акт кој што го носи Собранието и преку кој на некој начин се детерминираат активностите кои во наредната година ќе се одвиваат во Република Македонија. Најопштата дефиниција на Буџетот е дека е план на приходи и расходи со кои државата планира да ги оствари, во текот на наредната фискална година, што во случајот се погодува и со календарската година и клучен елемент при неговото составување е планирањето односно колку вработените во Министерството ќе успеат добро да ги испланираат приходите, како би можеле врз основа на истите да ја состават и расходната страна во која ќе се финансираат одредени активности.

Мислам дека при планирањето на Буџетот во Министерството се одело на најоптимистичката варијанта и при тоа скоро сите износи во делот на приходите се планирани на највисоките можни износи, што доколку се оствари е добро, меѓутоа, доколку не се остварат си носи опасност кога ќе дојде ребалансот одредени активности на расходната страна да не можат да се реализираат.

За наредната година е предвиден реален пораст на бруто општествениот производ од 6 до 7%, при што ако се додаде инфлација од 3% која се планира поради покачувањето на цената на струјата и на преработките на тутун, значи се планира да се оствари номинален пораст од 9 до 10%, што за мене лично е доста оптимистичка проекција. Се надевам дека Владата ќе успее истото да го оствари.

Исто така, би сакал да упатам неколку прашања до министерот. Се планира зголемување на инвестициите од 11 до 15% во наредната година, па би сакал да запрашам дали има некои конкретни проекти, некои најави за инвеститори, кои ќе инвестираат во Република Македонија и кои се тие и дали тие најави ќе доведат точно до 10 или поголемо процентно зголемување на инвестициите во нашата Република, бидејќи знаеме дека е и основна претпоставка, како што е наведено во Буџетот за порастот на бруто општествениот производ.

Исто така би сакал да го запрашам министерот, дали Владата планира во јули миесец да продолжи со втората фаза од децентрализацијата во Република Македонија, како процес кој веќе функционира година ипол и секое негово прекинување и враќање, или оставање во статус кво ситуација, може многу да не чини. Дали Владата планира да ги префрли и блок дотациите, во надлежност на општините и на кои општини планира да им дозволи да го користат финансискиот инструмент на задолжување, што треба да се предвиди во наредната година.

Буџетот во делот на расходната страна, морам да кажам дека во однос на претходниот буџет, има многу малку развојна компонента, бидејќи 86% од расходите се планирани за тековни трансфери, а само 14% се планирани за капитални расходи. Притоа, структурата на овие расходи, според мое видување мислам декае многу погрешно испланирана затоа што има многу малку економски проекти кои можат да придонесат за економскиот развој на Републиката. Така што, освен автопатот од Демир Капија до Смоквица и изградбата на индустриската зона во Штип, други економски проекти јас не сретнав во буџетот, а исто така мислам дека недостигаат и многу регионални развојни проекти, бидејќи еден од проблемите на Република Македонија е и рамномерниот регионален развој. Да не ни се случува како што е сега состојбата, скоро 2/3 од активностите да се случуваат во Скопје, додека останатиот дел во внатрешноста на Република Македонија да тоне во сиромаштија, да не функционираат индустриските капацитети. Мислам дека Владата треба да размисли во овој правец и да предвидува проекти со кои ќе се помогне и регионалниот развој, бидејќи на долг рок тоа е иднина на Република Македонија.

Исто така, во делот на расходите, мислам дека во образованието приоритет е дадено на компјутеризацијата, а не на подобрување на условите во училиштата, што по мое мислење е многу погрешно. Можеби Владата се одлучила на овој потег поради ефектот што ќе се создаде во јавноста. Меѓутоа, многу колеги дискутанти овде спомнаа дека условите во кои работат училиштата, во кои учат децата, се далеку од нормални, а да не зборуваме за некои понапредни услови. Во многу училишта нема ниту клупи, нема ниту доволно столчиња, протекуваат крововите, нема подови, нема табли, некаде е исклучена и водата и греење нема. Мислам дека подобро е Владата да размисли и приоритет да даде на овие прашања, а компјутеризацијата да следи после откако значително ќе се подори инфраструктурата во училиштата. Мислам дека приоритетот на расходите, тие 500 милиони да ги префрли за реконструкција и зградба на нови училишта во основното и средно образование, а другите средства да ги намени за компјутеризација, доколку веќе смета дека е тоа потребно. Лично и јас мислам, но да не се случи

да ги измешаме приоритетите. До колку веќе се набавуваат овие компјутери, би апелирал тие да бидат поквалитетни, да не се случи, бидејќи Македонија е сиромашна земја и не може да си дозволи да купува ефтино, затоа што на крајот сето тоа два пати се плаќа.

Би сакал исто така да прокоментирам и во однос на приоритетите во областа на културата.

За поздравување е тоа што доста средства се одвојуваат за култура, меѓутоа приоритетите кои се определени во расходната страна, мислам дека се сконцентрирани само на три града во Републиката, на Скопје, Охрид и Тетово, додека другите градови немаат вакви проети за да се финансираат одредени капитални расходи во другите градови. Тука го ставам и градот од каде јас доаѓам, тоа е Велес. Имам поднесено и амандман за ова прашање. Мислам дека Министерството треба да размисли, Владата да издвои 30 милиони денари за изградба на театар во Велес. Овие 30 милиони денари не се потребни за изградба на целиот тетата, туку се дел од финансиската конструкција. Општината нуди да затвори поголем дел, со издавање на деловен простор, продавање на старата зграда и потребни се само околу 30 милиони денари за да се изгради оваа театарска зграда. Мислам дека треба да се размисли, овие средства да се издвојат, бидејќи Велес е град во кој има богато културно и историско значење за Република Македонија. Да спомнам, од таму потекнуваат Петре Прличко и од поновата генерација актери Васил Зафирчев, Зоран Љутков, Младен Крстевски, а условите во кои играат и ги одржуваат претставите, не се дури ни во театарска зграда. Таа зграда порано беше зграда на киното и сега ја пренаменија во театар. Жално е, кога има услови да се обезбеди изградбата на театарот, Владата да не одобри 30 милиони денари за изградба на театарска зграда во Велес.

Исто така сакам да објаснам уште еден проблем кој постои во градот Велес. Тоа е слечиштето Рамина. Се работи за едно специфично и карактеристично слечиште, најголемо, моментално, во Република Македонија, а според својата специфичност ја надминува и границата на нашата држава и мислам дека таков тип на слечиште нема ни пошироко на Балканот.

До сега за ова слечиште сите политички партии добиваа или се обидуваа да добијат политички поени ветувајќи дека ќе го санираат истото. Меѓутоа, до сега тоа се нема случено. Се заврши една фаза за која средства обезбеди претходната Влада, а според прекотот кој е изготвен од врвни стручњаци потребно е да се изгради и втора фаза на санација на слечиштето кое почна да се шири во долниот дел од градот и веќе зафати повеќе од 200 објекти. Тоа е многу тежок проблем во градот Велес. Меѓутоа, бидејќи на некој начин не е актуелен во државата, граѓаните на Велес се чуваствуваат како граѓани од втор ред затоа што за некои други слечишта експресно се најдоа пари. За слечиштето во Велес нема средства.

Би сакал да ги повикам претставниците на електронските и пеатените медиуми да дојдат во Велес, да го актуелизираат проблемот и да им помогнат на граѓаните на Велес, да најдат решение за овој проблем. Мислам дека е толку сериозен проблемот што до колку не почне што побрзо да се решава, може да се случи некоја трагедија од поголеми размери. Не би сакал тоа да го коментираме после од било која позиција. Едноставно ја молам Владата, во делот на буџетот каде се предвидени 30 милиони денари, сега Владата со амандман ги намалува на 27 милиони. Тие средства не се доволни за санација на тоа слечиште.  Потребни се најмалку 1,5 милиони евра за да се санира втората фаза.

Сериозно апелирам до Владата, до институциите, да размислат и да најдат начин да се реши слечиштето рамнина и уште еднаш ги повикувам медиумите да дојдат во Велес, да помогнат да се актуелизира овој проблем.

Би сакал исто така да го запрашам министерот, до каде е реализацијата на проектот МЕАП односно Акционата програма за унапредување и заштита на  животната средина во општините односно колку од средствата се искористени и колку од средствата редовно се сервисираат и дали постои проблем во тој дел и какви се проекциите на Владата и намерата за овие прашања, до колку некои од општините редовно не го  финансира, како ќе постапат?

И на крајот, сакам да го изнесам својот став по однос на буџетот, а тоа е дека до колку не се предвидат средства за санација на слечиштето Рамина и за изградба на театарска зграда во Велес, јас нема да го гласам овој буџет.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Пратеникот Славица Грковска не е присутна.

Има збор пратеникот Ацо Киров.

**Ацо Киров:** Благодарам потпретседателе.

Почитувани колеги пратеници, почитуван министер Славески,

Прво би сакал да кажам неколку збора околу буџетот т.е. околу бруто домашниот производ кој е планиран со зголемување од 6% за 2007 година. Според мене тоа е преамбициозен раст, без разлика што се базира на длабока даночна реформа. Секако тука се мисли на воведувањето на рамниот данок, намалување на персоналниот данок на доход, намалување на данокот на добивка и ред други мерки кои Владата ги планира за 2007 година.

Исто така гледам се планира и 4% зголемување на вработувањето. Секако, ако се оствари овој раст од 6%, остварливо е и покачувањето од 4% на вработувањето, бидејќи Владата очекува странски инвеститори и домашни инвеститори кои поради рамниот данок  би отварале свои бизниси и секако би го зголемиле вработувањето во Република Македонија. Но за тоа не би сакал многу да дискутирам. Има време, ќе дебатираме кога ќе го разгледуваме ребалансот на буџетот во 2007 година.

Сега би се осврнал малку на образованието. Тука гледаме декаима ставка со поголеми средства, во однос на минатата година. Тоа е за поздравување.

Во однос на овие средства кои се планираат за образованието, можеби би се повторил со колегата Незири во однос на средствата кои се одвојуваат за модернизација на образовниот систем. За дел од тие средства би сакал да прозборам. Имено според моите сознанија се работи некаде за 8 милиони евра во 2007 година, во 2008 година пак некаде 8 до 10 милиони евра, за да се набават компјутери, или секој ученик во Македонија да добие компјутер. Секако за поздравување е тој потез на Владата, но јас овде имам две дилеми.

Првата дилема е, од кажувањето на претставници на Владата, дека ќе се набават компјутери некае по 100 долари, или по сегашна цена на курсот на денарот, по 4700 денари за еден компјутер. Јас лично не верувам дека овие компјутери се баш некои најпроверени компјутери или компјутери кои имаат подолг век на траење затоа што 100 долари или 4700 денари се многу малку пари за еден компјутер. Но, сепак тоа ќе го каже времето, дали се добри или не се добри овие компјутери.

Сепак јас би сугерирал до Владата, тоа е чисто мое размислување, овие средства кои се планираат за 2007 и 2008 година за модернизација на образовниот систем, ако може да се продолжи тој рок за уште една година, да се одвојат уште средства, на пример уште 5-6 милиони евра за да се набават поквалитетни компјутери заради модернизација на образовниот систем. Реков, секако тоа е за поздравување, но овде кај мене постои и друга дилема, пак ќе го спомнам колегата Незири и тој кажа дека ние во Македонија имаме икс училишта кои немаат услови за изведување на наставата. Затоа Владата треба да обрне внимание, дел од овие училишта да се реконструираат, бидејќи во многу училишта нема елементарни услови за изведување на наставата, односно има училишта кои прокиснуваат, има училишта кои немаат ни прозорци, немаат клупи и тн. Затоа мој предлог е Владата да обрне внимание на реконструкцијата на училиштата во Македонија, учениците да добијат простории за нормално изведување на наставата и да имаат нормални клупи и столчиња за седење,па дури после овие компјутери да ги донесеме и да ги ставиме пред учениците да ги користат.

Сега би имал едно конкретно прашање до минситерот за финансии, иако имам сознание, на комисија дознав. Имено заменик на министерот за финансии кажа дека ќе има средства за изградба на патот Радовиш-Струмица, но не знаеше колку средства или колку километри ќе се изградат на овој пат во 2007 година. Тоа е конкретно прашање до министерот, може да ми каже колку километри ќе се изградата или колку средства, па јас ќе пресметам.

Сега би се осврнал малку околу културата.

Тука имам едно свое видување, би зборувал за помалите населени места кои имаат културни домови односно тоа се оние задружни домови кои се градени 1950-1955 година и тие се во многу лоша состојба, во фаза на распаѓање.

Знам дека во 1997 или 1998 година, не сум потполно сигурен, Владата ги отстапи овие домови на општините, тие да се грижат за нив, да ги реконструираат, да ги издаваат под наем и тн., односно со овие средства да ги одржуваат. Реков, се работи за овие задружни домови, или културни домови денес. Тие домови се со ист терк, иста големина. Во Струмица има 14-15, има во Нов Дојран и во цела Македонија.

Во разговор со надлежните од општината, со градоначалниците, тие кажуваат дека тие како општина, со тој буџет со кој располагаат не можат да ги реконструираат, бидејќи според нивното кажување потребен е некаде полагодишен буџет или до еден буџет годишен за реконструкција на еден задружен културен дом во овие населени места. Затоа, како една сугестија, едно мое видување и една препорака до Владата, во наредниот период да обрне внимание, не мора во 2007 година. Значи се работи за еден подолг период, бидејќи општините нема шанса да ги реконструираат тие домови, за да не имаме после 10 години куп дрва и камења во овие населени места, а кои секаде се лоцирани во центарот на населеното место.

Сега би се задржал на сферата на земјоделието, бидејќи доаѓам од регион каде населението исклучиво се занимава со земјоделие, плус тоа бев кандидат за пратеник од изборна единица број 4, каде населението исто така се занимава исклучиво со земјоделие, почнувајши од Радовиш па преку Струмица, Гевгелија, Кавадарци па се до Прилеп.

Во предизборната кампања коалицијата која победи на овие избори, на овие земјоделци им ветуваше многу работи, им рече дека ќе го зголеми извозот на земјоделските производи, а со тоа ќе ја зголеми цената на истите, дека тоа е коалиција која се грижи за земјоделците, дека ќе го намали ДДВ и ред други мерки ќе презема кои секогаш ќе одат во корист на земјоделците. Затоа земјоделците масовно се одлучија на овие избори да ја поддржат оваа коалиција односно сегашното парламентарно мнозинство.

Јас се согласувам дека дел од овие ветувања се исполнети, како што е намалувањето на ДДВ кој се однесува на земјоделските репроматеријали, семенските материјали и тн.

После ќе се вратам на данокот на додадена вреднсот, а сега би кажал само неколку зборови околу тоа на што беше ставено голем акцент односно на тутунот.

Знаеме дека претходната Влада со земјоделците договори по 30 денари за килограм тутун, што мислам дека тоа го користеше коалицијата што победи на овие избори, дека на земјоделците ќе имисплати по 30 денари субвенција по килограм тутун. Но, ете, со ребалансот за 2006 година

Владата одвои некаде околу 123-125 милиони денари, кои средства, ако заедно ги собереш со оние другите од 220 милиони што беа пред тоа дадени на земјоделците како субвенција по килограм тутун, севкупно даваше 15 денари, што значи немаше 30 денари.

Сега, гледам дека со Предлогот на буџетот нема предивдено повторнониту 30, нема ниту 15, што значи дека нема субвенција по килогарам тутун за тутунарите. Мислам дека тоа не е добро. Парламентарното мнозинство што е сега, тоа го ветуваше во изборната кампања и треба да го спроведе во дело.

Инаку, како средства, субвенции во земјоделието, што се предвидени со овој Буџет има некаде околу една милијарда 138 милиони 626 денари. Тоа, секако дека се големи средства, но од овие средства, како што реков, нема субвенции по килограм, било да е тоа тутунот, било да е пченицата, јачменот и т.н. Според кажувањето на минситерот Спасеновски, минситерот за земјоделство, Министерството за земјоделство планира земјоделците да ги субвенционира со квалитетен семенски материјал, разна стока и т.н., така што после во текот на производството тие остварат приголеми приноси и со тоа да остварат поголема добивка. Но, јас така размислувам, да требаше Владата, добро е што има толку субвенции во земјоделието, но требаше барем во првата и втората година, ако не втората, тогаш барем првата година овие ветувања од 30 денари, што беше договорено со претходната Влада, да го оствари и паралелно со тоа да субвенционира со квалтиетен семенски материјал. Но, што е тука е. Што планирала Владата, тоа ќе го спроведе. Јас само го кажувам моето миселње дека требаше паралелено да субвенционира во квалитет и по килограм на производи, особнео кај тутунот, пченицата, јачменот и т.н.

Само би ги потсетил претставниците во Владата дека денеска, сеуште, во касата се слеваат трите денари по кутија цигари, што требаше, да не се повторувам, се кажа зошто да се употребат. Ние знаеме зошто требаше да се употребат. Тоа беа средства што директно одат во ставката на земјодлието, на тутунарите и требаше овие средства да одат за нив, а тие и ден денеска се слеваат во касата на земјоделието.

Сега би се вратил на ДДВ-то, што е намален за семенските материјали и репроматиеријалите во земјоделието. Уште тогаш, неколку дена пред донесувањето, односно намалувањето на ДДВ во Комисиајта, имавем ист став со колегата Љубисав Иванов-Ѕинго, истото мислевме двајцата и тоа го кажавме на Комисиајта за земјоделие, дека тоа е добро како намалување на ДДВ, за земјоделецот е добро, но немој случајно, парите што фактички ќе претставуваат намалување на цените на производите поради ДДВ, да не се слеат од џебот на земјоделците во џебот на трговците.

Ете, само после 2-3 месеци тоа и се случува. Гледам дека цените на репроматеријалите не се намалени за 15%, туку има помало намалување. Од кои причини, не знам. Еве, јас ќе споманм само неколку артикли, каква цена имале пред намалувањето на ДДВ и каква цена имаат сега, после 3 месеци.

На пример, некоја врста на зелка, не знам која зелка, била 1000 денари, сега е 970 денари. Тоа значи дека имаме само 30 денари намалување на оваа зелка, што е многу малку. Не е 13%, туку цената со намалувањето на ДДВ-то би требала да биде некаде околу 870-880 денари.

Домати, биле 3600, сега се 3400. Повторно нема намалување од 13%. Друга врста на зелка “падион” 900 денари била, сега е пак 900 денари. Од вештачките ѓубрива “15 х 15 х 15” било 900, а сега е 850. Пак неманамалување од 13%. И, некоај друга врста на ѓубриво “10 х 30 х 20” тоа било 1200 денари, сега е 1100 денари. Моите укажувања на Комисијата за земјоделие со колегата Љубисав Иванов-Ѕинго, на еден начин претставуваат предупредување и осуда на прелевање на средствата од џебовите на земјоделците во џебовите на трговците.

Понатаму што би сакал да кажам, на крајот би се задржал на едно прашање до минситерот, иако и овде имам некои сознанија од разговори со минситерот за земјоделие кој беше во Струмичкиот регион, бевме на заедничка средба со граѓаните, се работи за штетите што Струмичкиот регион: Босилево, Василево и Струмица ги снајде со градот на 26 јуни, минситерот кажа дека ќе има средства, но тука, дали од овие субвенции или на друг начин се мисли да се обезбедат овие средства, не ги гледам. Но, чисто како за патот Радовиш-Струмица и ова е дирекно прашање до министерот, како ќе се планираат средства за овие оштетени граѓани, затоа што минситерот Спасеноски тоа го вети на собирот на граѓани во мојата општина Босилево.

И, на крајот, би сакал да кажам само неколку зборови за луѓето кои ги водат тутунопроизводителите, односно претседателите на овие здужениja и т.н. Би пренел еден апел до земјоделците, кога ги бираат овие луѓе кои треба да ги водат за остварување на своите права, поодбро да размислат како ќе ги изгласаат и кого ќе изберат.

Зошто гокажувам ова? Ова го кажувам од причини што луѓето кои минатата година беа на чело на овие здруженија, кои ги блокираат патиштата, кои преговараат со претходната Влада, кои беа во Владата, ги гледавме на телевизија, кои следните денови се шетаа по откупните пунктови за да бидат како контролори дали има добра цена или нема добра цена тутунот или на еден начин изигруваа филмски ѕвезди, сега овие луѓе ги нема никаде. Како да не псотојат земјоделците.

Апелирам, овие луѓе, ако бидат водачи, ако бидат претседатели на здруженијата на тутунопроизводителите, на земјоделците и т.н. секогаш треба да застанат на страната на земјоделците, без разликакој е на другата страна,

дали Владата на СДС, дали Владата на ВМРО, секогаш да ги остваруваат барањата на земјоделците и секогаш да се трудат да го извлечат максимумот во корист на земјоделците во преговорите со Владата.

Толку, благодарам.

(Со седницата продолжи да раководи господинот Бесим Догани, потпретсеател на Собранието на Република Македонија)

**Бесим Догани:** Благодарам.

Дали некој од пријавените е за реплика?

Стефановска Анета, повелете.

**Анета Стефановска:** Почитувани колеги,

Јас ќе реплицирам на мојот колега прво во делот што го искажа за домовите на културата. Колегата би требало малку повеќе да биде упатен, домовите на културата на локално ниво немаат врска со централната власт и со Министерството за финансии. Тие спаѓаат под општината, каде градоначалник е човек од нивната валст и таму би требало тој да бара од страна на неговиот градоначалник, да бара зафати, бидјеки тој треба да се погрижи за објектите и домовите на културата кои се наоѓаат под општинско ниво.

Што се однесува до училиштето што било скршено, со скршени прозорци и врати, треба да знае дека до сега беше неговата Влада на валст и во таква состојба го остави училиштето. Така што, денеска не е ден за амандманска расправа и да дискутираме конкретно за училиштето во Босилево, во каква состојба се наоѓа и што треба да направи министерот за финансии.

Денеска дискутираме, да го потсетам мојот коелга, за Буџетот, за не за зелката и за цената на зелките. Тоа се пазарни услови и тука би требало да прави голема разлика, бидејки ова е законодавен дом и не е место за политичка пропаганда.

Инаку, општо сакам да кажам дека овој Предлог-буџет е еден од најхрабрите економски зафати во новата историја на Република Македонија и тој треба, исто така, без разлика што е пратеник од опозицијата, да го пофали. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Ќе ве замолам кога ќе реплицирате друг пат да се пријавите, да имаме контрола којс е пријавува за реплика.

Контра реплика има Киров Ацо, повелете.

**Ацо Киров:** Благодарам.

За привото, како прашање на колешката би и кажал, сигурно таа добро не ме слушала, јас реков дека овие домови се под ингеренција на градоначалниците и тоа од 1997 година, со Одлука на Владата. Но, дадов само сугестија до Владата, бидјеки тие не се моќни, да нешто Владата помогне. Тоа е прво.

Потоа, не зборував за училишта во мојата општина, Босилево, туку зборував општо за училиштата во Македонија. Не за Босилево. Туку во Макеоднија. Знаеме дека има доста училишта што треба да се поправат. За скршени прозорци што зборувате тука, да, претходната Влада, колку што можеле направила, сега само сугерирав да оваа Влада продолжи.

Пазарни услови, да. Пазарни услови, но тука зборував за ДДВ што е дел од Буџетот и што Владата планира 6% раст, токму на длабоките даночни реформи. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам. продолжуваме со претресот.

Збор има Димитровски Ратко, повелете.

**Ратко Димитровски:** Благодарам потпретседателе.

Почитуван министре, почитувани колеги,

Ја користам оваа можност да се обратам и јас да кажам неколку зборови во врска со Буџетот што ни претстои и во врска со она што ние го имаме како одговорност пред граѓаните на Република Македонија, да го завршиме, односно да овозможиме нормално да се вршат функциите на државата во наредниот период.

Пред да почнам, би ги потсетил почитуваните колеги дека изборите завршија во јули, дека пред 2-3 недели го завршивме Ребалансот на Буџетот за 2006 година и дека тоа е едно минато време. А ние, сакале или не сакале мораме да се посветиме на она што доаѓа пред нас, односно што не очекува.

Токму заради тоа би потсетил дека оваа Влада за прв пат ни понуди на време, благовремено еден документ, еден Буџет што има време, има можности, услови да се разгледа во нормални услови и во една редовна процедура се донесе во редовен рок, предвиден за тоа.

Во кратки црти би се осврнал на некои елементи од предложениот Буџет.

Во овој Буџет имаме проектиран раст на БДП меѓу 6 и 7%. Тоа е прв пат да имаме еден таков проект што, нашите претставници од Владата рекоа дека е доста амбициозен, а јас би надополнил дека е остварлив. За жал, ќеречам дека е остварлив, бидејки во целокупниот наш досегашен историјат од 1991 година, секоја година имаме стагнирање на БДП. Тоа значи дека нашетѕо производство, нашата индустрија, стопанството е реално намалувано производството од година во година во тоа стопанство и реално, ако ние појдеме од некоја ниска основа е да очекуваме да имаме таков пораст. Дури, овој порст, ако се мери со нашата сиромаштија, според мене е мал пораст.

Тука би потсетил, би прашал што имавме во претходните неколку години, кои од нашите производни капацитети што ги имаме, кој е тој што можеше да покаже некој реален пораст на производството или било кој друг параметар за да може да се мери, во било кој економски параметар за да може да се мери со некој од своите колеги од соседството или Европската унија, за да можеме да имаме некои реални пораститакако што имаат развиените држави, од 1 или 2%. Ние, таков капацитет во последен период кај нас немаме.

Резултат од тоа е досегашниот наш статус со странските инвестиции, по сите параметри во странски инвестиции, ние сме на последно место. Било да се мериме со соседите, било да се мериме со развиените земји.

Тука би потсетил каде се наоѓавме пред дестина години, каде се наоѓаме сега. Да се свртиме на Исток од нас, во нашето соседство каде бевме кога се споредувамве со нив, каде дојдоа тие сега. И секојденвно, ког аодиме таму, гледаме дека таму се работи, дека таму имаме реални пораст по сите основи, кај сите параметри.

За жал за нас, слично е и на Западната страна, каде што буквално по сите параметри беше на последно место во Европа, меѓу последните во светот. Но, ако одиме сега, јас бев пред три месеци, од прв поглед се забележува дека и тие имаат чекор напред и лесно може да ни се случи, ако не преземеме такви мерки како што се предлагаат сега, дека и тој наш Западен сосед многу брзо ќе не престигне. Потоа пак ќе се прашуваме што е причината што заостануваме и во однос на соседите и ов однос на целокупното стопанство во Европа или во светот.

Токму поради тоа, нашата Влада предвидува да реалниот раст на странски инвестиции биде помеѓу 11 и 15%. Бројката, дадае во Буџетот изгледа голема, меѓутоа повторно ќе кажам дека имајки ги предвид досегашните и оваа бројка не е голема. Мораме неа да ја поздравиме, а на кој начин таа ќе се остварува, дел беше кажано во излагањето на нашиот почитуван министер, а дел мораме и сега да повториме.

Активирањето на фамозната слободна економска зона “Бунарџик” која 7-8 години стоеше, оформување нова слободна економска зона во источниот дел на Македонија, ангажирање на двајца министри кои специјално работат на делот на привлеквуање странски инвестиции, тоа се доволни докази дека, според мене и оваа бројка од 11% ќе биде надмината и ќе биде зголемена. Повторувам, затоа што, нашата база до сега беше многу ниска. Нашиот старт, почетокот беше многу низок.

Да не заборавием дека со овој Буџет се предвидува реално зголемвуање на личната потрошувачка од 3,5 до 5% и реално зголемување на платите.

Навидум мало, но повторно ќе кажам дека сепак ќе имаме еден старт, едно зголемување и на потрошувачката и на платите.

За да го дискутираме мораме да ја имаме предвид приходната и расходната страна на Буџетот. Навидум приходната страна на Буџетот изгледа сомнителна дали ќе може да се оствари заради познатите околности, намалување на даноците и намалување на ДДВ-то на поедини артикли.Меѓутоа, треба да знаеме дека намалувањето на данокот од добивка од 15 на 12 за наредната година или на 10 за 2008 година и намалувањето на персоналниот данок од 24, 18 и 15 на 12 и намалување на данокот кој ќе се реинвестира на стапка нула односно бришење нан тој данок не значи дека приходната страна ќе се намали, туку дека сепак ќе се оствари. Тоа би го дополнил со тоа што ќе се воведе дисциплина во наплатата односно заложбата на оваа Влада е иако многумина ја критикуваат,дека ќе имаме нулта толеранција за наплатата на вака ниските стапки на даноците односно нема да има воопшто гледање низ прсти во делот на наплатата на даноците.

Зголемување на наплатата на ДДВ-то поради зголеменета инвестициона активност исто така ќе се зголеми и изедначувањето на акцизните стапки на цигарите од домашно и странско производство со поместување во висина од 10% се доволни гаранции дека приходната страна на Буџетот ќе биде исполнета во проектираните рамки.

Во делот на расходите прв пат имаме зголемување кај сите корисници на Буџетот. Кај некои тоа зголемување е во номинална вредност, меѓутоа, имаме поедини корисници на Буџетот кај кои, да речеме кај образованието, зголемувањето е прилично големо во висина од 17%.

Веќе реков дека имаме реално зголемување на платие од 2,5 до 4% со декомпресија на платите во образованието, социјалната и детската заштита, културата, ова мора да се каже и проектираниот развој на вработување на припадниците на заедниците според Рамковниот договор. Ако се има предвид дека со овој Буџет се предвидува главната борба да биде со намалувањето на невработеноста во државата која е главен проблем кај нас.

Начините на кои тоа ќе се регулира се дадени, но би повторил само некои, имаме формирање на заеднички посебни еквити фондови како поддршка на инвестиционите фондови во земјата.

Зголемување на субвенциите на земјоделците како посебни програми, но не на начин како што дискутираа некои на начин со субвенционирање на обезбедување на наплата на премии со продажба на готов производ, туку субвенционирање на еден друг начин за да се поттикне земјоделското производство преку воведување на посебни сорти, воведување на субвенционирање на семенскиот материјал, обезбедување пласман на готовиот производ, вклучување на буџетот во тие делови од земјоделието, овозможување на влез на банкарски капитал во некоја од домашните банки, со што би се олеснил процесот на директно кредитирање на единката или фамилијата.

Ние знаеме дека ова прашање е едно од најболните прашања во нашата држава. Знаеме дека со исклучок на една две банки сите банки се приватни, меѓутоа, ако се подобри целокупната клима во државата ќе имаме можност за реален влез на некој светски бренд кој ќе овозможи, ќе биде конкурентен со нашите домашни банки и ќе имаме едно реално намалуање на каматите што е во рамките на европските камати, а не да имаме како сега камати двојно или повеќе од нормалните европски каматни стапки.

Познато е дека таа пракса е присутна во сите развиени земји.

Намалувањето на социјалната помош ќе биде на тој начин што ќе се овозможи на корисниците на социјалната помош да можат да се самовработуваат или отворање на мали семејни бизниси. Како што реков дел од Буџетот предвидува развој на мали и средни претпријатија, обука и преквалификација со промоција на производи наменети за извоз и еден посебен дел кој е запоставен кај нас во државата, кој го имаме во соседството и во слични земји на нас, тоа е промоција на нашата држава како туристичка и еколошка средина која е неиспитана, недокажана и која може да биде станица на соседните земји заради тоа што реков, нашата земја е чиста еколошка, нашата земја има ефтина работна рака, нашата земја е пристапна за луѓето кои бараат таков терен било да се од Европа или другите земји од регионот. Нам ни е потребно и средства се предвидени за презентирање на Република Македонија како привлечна дестинација за другите држави од Европа.

Исто така се предвидува ангажирање во искористување на природните материјали, природните богатства што ги имаме со отворање на постојните рудници и дополнително користење на природните суровини како неметали, минерали, топлите води итн.

Повторно би се навратил во делот на земјоделието, бидејќи е често пати спомнувана дејност кај нас, тоа е делот кој го интересира скоро секој втор граѓанин на оваа држава заради тоа што сакале или не сакале да признаеме нашите колеги од опозицијата се срамуваат да кажат дека ние сме земјоделска земја, дека е ова земјоделска Влада, тоа е нашето богатство, тоа е нашата вистина, ние сме една земјоделска земја и мораме да се погрижиме, да се подготвиме за менаџирање на средствата од предпристапните фондови на Европската Унија, формирање на Агенција за администрирање и контрола на користење на средствата од ИПАР, прилагодување на производството според барањата на пазарот и обучување за користење на руралните мали кредити на земјоделците кои, за жал, во овој дел се необучени и доста од тие средства стојат неискористени.

Проектираните средства во Буџетот заедно со ветерината изнесува 1,4 милијарди, до сега се најмногу издвоени. Но, ќе потсетам дека тие ќе бидат доделувани на друг начин не како до сега преку обезбедување на семенски материјал и заштитни средства или посебно механизација.

Можеме доста долго да зборуваме и за другите делови од Буџетот како што е екологијата, културата, образованието и друго, јас би потсетил во оваа прилика за децентрализацијата, сите тие средства во сите области се зголемени, би се осврнал на делот на образованието дека се зголемени 17%, дел од тие средства се предвидени за обнова на старите, но и опожарените училишта, дека е за поздравување делот, а не за потсмевање, дека се проектира во наредната година за секој ученик да имаме компјутер. Дали тој ќе биде од 100 евра или од 1000 евра, како ќе биде користен не зависи од Владата, зависи од начинот на распоредувањето односно од начинот на користењето. Меѓутоа, оваа Влада прави такви усилби, прави такви заложби да се овозможи на секој и мислам дека тоа е биде една од најдолгорочните инвестиции во нашата иднина.

Со тоа би завршил, би ја поканил и опозицијата да гласа за овој Буџет, а да очекуваме дека остварувањето на овој Буџет ќе биде целосно и овие стапки ќе бидат натфрлени за да до година ова време имаме уште поамбициозен буџет.

Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам колега Димитровски.

Продолжуваме со работа, збор има пратеникот Никола Поповски, повелете.

**Никола Поповски:** Почитуван потпретседателе, почитуван министре, колеги

Дозволете и јас ќе се обидам што пократко можам да ги изнесам моите видувања за Буџетот на Република Македонија.

Прво, ќе соопштам нешто што знам дека нема да даде никаков резултат од соопштувањето затоа што во овие 4-5 месеци увидов дека законитоста или легалноста на работата на Собранието е неговата слаба страна. Не верувам дека ќе предизвика некаква реакција од претседателот или во овој случај од потпретседателот, меѓутоа, должен сум тоа да го кажам.

Имено, овој Буџет е доставен вон законските процедури во Собранието иако претседателот на Собранието можеби не тој лично, меѓутоа, ако ги слуша советите на стручните служби и на законите во Република Македонија што се над сите нас немаше да може да го стави на дневен ред Собранието минимум од две причини, двете се од различни закони.

Прво, во Законот за буџети на Република Македонија кој е донесен во 2005 година, ќе цитирам неколку членови.

Член 16 - Министерството за финансии изготвува фискална стратегија за среднорочен период од три години со која ги предлага насоките и целите на фискалната политика и ги утврдува износите на категориите на приходи и расходи.

Фискалната стратегија ја донесува Владата на Република Македонија.

Член 17 - фискалната стратегија ги содржи основните претпоставки, насоки за изготвување на Буџетот, процена на висина на приходи и расходи, финансирање за тековната фискална година и проценка за висината, ова е клучното, на приходи и расходи и финансирање на Буџетот на среден рок од три години.

Член 29 - е во Главата 3, која го уредува донесувањето на Буџетите, таков е и насловот на Главата во неа пишува, законот е на сила:

Предлогот на Буџетот на Република Македонија, тоа е овој документ за кој разговараме, содржи: Набројани се десетина елементи кои се задолжителни по закон, алинеја број 6 гласи:

Среднорочна буџетска рамка, вклучувајќи ги планираните приходи и други приливи и очекуваните одобрени средства по функционални области и на центалниот буџет и на Фондовите.

Сакам да укажам потпретседателе дека во овој момент Владата не ја достави фискалната стратегија, согласно со Законто за Буџет до пратениците, заедно со Буџетот, што е најзин составенелемент и автоматски, Собранието нема услови да расправа по комплетен документ.

Второто, по кој основ, сакам да кажам дека е ова прв пат откако е донесен законот Владата да не ја почитува таа одредба, второ, заради што законот не смееше да биде денеска на расправа е Законот за управување со јавен долг, исто така донесена е 2005 година, во чиј член 7 став 2 пишува: “Владата на Република Македонија, на предлог на министерот за финансии ја усвојува Стратегијата, што ја донесува Собранието на Република Македонија, заедно со Буџетот на Република Македонија за следната година”. Ние сега расправаме за Буџетот на Република Македонија за следната година, и, како што беше минатата година Стратегијата што се носи на ролинг принцип за три години, требаше да биде доставена заедно со Буџетот.

Во услови кога овие две не се доставени јас очекував дека претседателот на Собранието ќе го врати буџетот назад или ќе побара, во овој случај од Владата, да го достави Буџетот заедно со другите пропратни документи, но тоа не се случи. Меѓутоа, немам ни илузија дека тоа ќе предизвика некакво прекинување или доставување на документите, согласно Законот.

Она што сега се случува во Собранието на Република Македонија, исто така заедно со Буџетот не ни е доставена Макроекономската политика на Владата, ниту е објавена во “Службен весник”. Обично таа до крајот на годината се објавува. Ние немаме, освен две странички на почетокот од документот, која е макроекономската политика на Владата, врз основа на што произлегува овој Буџет.

Немам увид во платниот биланс, што Народната банка, заедно со Министерството за финансии го донесува, за да имаме увид што се случува од аспект на платниот биланс во фискалната сфера. И, со тоа, пратениците, сме доведени во ситуација да, кога расправаме за Буџетот, ние расправаме само за еден од неколкуте потребни документи, што е парцијален и поради што не можеме да ја видиме целината на економската политика што Владата има намера да ја води во идната година, а од каде, само еден сегмент е фискалниот дел, односно Буџетот на Република Македонија.

Исто така, сакам да укажам на, по мое уверување, претпоставувам не сакaниот лапсус на министерот за финансиии, кој овде ни соопшти дека за прв пат, откако во Македонија постојат владите, во изборна година, Буџетот е доставен на време до Собранието на Република Македонија. Тоа, ако се гледа така е точно. Само, што има една друга работа, што министерот ја занемари, а тоа е дека изборите до сега се одржувале меѓу септември и ноември, па собранијата се конституирале во ноември и декември, а Владите после тоа, додека пак оваа година, изборите беа на 5 јули. Така што, подготовката на Буџетот, вон од некакви вообичаени претходни компарации, е невозможно. Кога би биле изборите во септември или во октомври, а Владата го предложеше Буџетот, согласно законот во ноември, тогаш ќе беше навистина успех. Вака, апсолутно сметам дека не е никаков вонреден напор на Владата.

Мислам дека Владата, дури, ни понуди буџет што има технички проблеми. За да можеме да разбереме што се случува. Немајќи ја фискалната стратегија, немајќи ја макроекономската политика, немајќи ги макроекономските агрегати за наредната и за наредните три години, немајќи го платниот биланс, ние денеска расправаме за Буџетот без да имаме во маеријалот точно соопштено колку ќе биде БДП за наредната година. Ние практично, тоа можеме само индиректно да го изведуваме.

Се обидов да го извлечам индиректно, на следниов начин:

Ако Владата соопштува дека 1% од БДП има дефицит што е во висина од 3.4 милијарди денари, тогаш е логично да претпоставиме дека БДП на Република Македонија во идната година ќе биде 340 милијарди денари. Меѓутоа, веќе во идниот став Владата се демантира самата себе си и соопштува дека дефицитот на Буџетот на Фондот за патишта оваа година ќе изнесува 0,2% од БДП, а во Буџетот тој е зацртан на ниво од 540 милиони денари. Буџетот 0,2%, ако е 540 милиони денари, тогаш БДП на државата е 270 милијарди денари, а не 340 милијарди. Односно, ако 1% е 3 милијарди и 400, тогаш 0,2% од БДП во вид на дефицит не можат никако да бидат 540 милиони, туку треба да бидат 680 милиони денари. Очигледно дека во Буџетот не може да се извлече без да се соопшти писмено од Владата, а Владата тоа не ни го соопштува во ниту еден од документите што ги имаме колку е БДП, ниту колку е дефицитот. Можеме само да претпоставуваме, врз основа на овие параметри што меѓусебно се разликуваат за цели 20%.

Она што мислам дека е уште посериозно е што Владата и покрај зголемениот дефицит на 1% од БДП што го искажува и што го темели на раст од 6%, што за мене е исто така спорен, создава во Буџетот услови за скриен дефицит.

Зошто зборувам за скриен дефицит? Затоа што сум уверен дека приходите на Буџетот во овој Буџет се претставени, особено некои од приходите кои се исклучително значајни на исклучително високо ниво, така што тие проикции ако се воспостави дека се нерални, а Владата со

Буџетот кој има карактер на закон ќе превземе и на расходната страна обврски ќе мора да ги исполни и на крајот нема да има друг избор освен или на средина на годината да оди со ребаланс и да ги смали сите расходи надолу, или да го зголеми дефицитот кој го проектира на 1%, или за повеќе од 1%.

Зошто сметам дека се нерални. Општо познато е дека во овој Буџет, затоа што тоа е доставено 50% од вкупните даночни приходи на државата се базираат само на еден данок, а тоа е Данокот на додадена вредост. 2007 година споредено со 2006 година ДДВ се зголемува за цели 11%. Ако успее државната администрација или Владата, или Управата како и да кажеме во услови на инфлација од 3% да го зголеми ДДВ за 11% во споредба со 2006 година јас ќе честитам затоа што ќе го сметам тоа за исклучителен успех. Меѓутоа, се плашам дека нема да го зголеми данокот за 11% и дека ќе настанат нарушувања во финансирањата на државата кои или ќе одат со ребаланс надоле, што е секогаш проблематичен, или ќе го зголемат дефицитот што би бил уште попроблематичен отколку ребаланс.

Втората лоша работа во целата приказна е тоа што го констатира и министерот за финансии, наместо Македонија постапно структурата на приходите на државата да ги менува во корист на директното оданочување што во нашиот систем има исклучително малку подршка на вкупните јавни расходи очигледно дека отсрануваме во друг правец да индиректните даноци стануваат поголемиот столб на кој се потпира Владата.

Логично прашање е дека Македонија во услови кога има аранжман со ММФ овие прашања треба претходно да ги усогласи, а ние слушнавме кога започна расправата дека ова е усогласено со ММФ, министерот тоа го соопшти, тоа го соопшти и премиерот кога го претставуваше по мое видување прилично еуфорично Буџетот во Владата на една прес-конференција,меѓутао моето искуство ми говори нешто сосема друго, односно она што јас не го слушнав е изјава на ММФ дека Буџетот е усогласен. Тие работи се движат секогаш така да кога едната страна ќе даде изјава тоа не значи ништо ако и другата страна не ја дала изјавата. Јас од професионални причини сите посети на ММФ многу внимателно ги следев, сите изјави многу внимателно ги слушав, ги пребарав сите страници, факт е во овој момет дека ние имаме Буџет кој освен македонската страна никој друг не тврди дека е усогалсен односно се нема изјава ниту усмена ниту писмена дека е усогласен од страна на ММФ.

Аргумент повеќе за тоа може да биде фактот што вториот преглед за остварување на аранжманот на Македонија со ММФ, како што пишуваше во дневните медиуми, а тоа може да го видиме и на ВЕП станата на ММФ во Вашингтон не е остварен односно извештајот не е доставен. Очигледно дека нешто има што можеби ќе го добиеме подоцна.

Мое видување е дека овој Буџет и во идната година преголем товар односно преголем акцент е ставен на предлозите за намалување на двата директни даноци, добивката и персоналецот од 15 на 12% за оваа година и мислам дека Владата создаде преголеми очекувања и за себе и за јавноста, моите очекувања не се дека тие мерки ќе донесат којзнае што. Меѓутоа, како што видовме дури и во воведното излагање имавме голем дел од обраќањето посветен на намалувањето на даноците кои не сметам дека се нешто друго освен само подгрејување на очекувањата.

Дозволете накратко да се задржам на неколку по мене, барем се додека не чуеме други аргументи, симптоматични проекции во Буџетот. Да почнеме од одраната. Ние знаем дека Собранието има донесено акт и со НАТО сме меѓусебно усогласени дека за одбраната не треба да одвоиме во Министерството за одбрана 2,3% од Бруто домашниот производ во секоја поединечна година, затоа што тоа е стандардот кој што е усогласен со Акциониот план за прикучување кон НАТО. Јас во неколку наврати тоа го потенцирав во разни расправи во Парламентот и сега конечно и од министерот беше соопштено дека процентот е 2,3% во овој Буџет, меѓутоа, од бројките тоа не е така. Ако 1% дефицит е 3.394.000.000 денари, тогаш е сосема јасно дека 100% од Бруто домашниот производ е 339.400.000.000 денари. Во нашиот Буџет за одбраната се предвидени 7. 136. или точон 2,1% од Бруто домашниот производ. Потребни согласно со проекциите на Владата на Бруто домашниот производ се 7.806.000.000 денари за да дојдеме на нивото од 2,300%. Очигледно дека во одбраната недостасуваат 700 милиони денари за да се исполни основниот критериум за НАТО.

Јас сум навистина збунет зошто се презентираат податоци кои лесно се пресметуваат во различна ситуација. Се обидов по една стара добра метода кога нешто ќе сметате пресметајте, листот тргнете го на страна, земете ги бројките и пресметајте уште еднаш се одново. Ќе излезе пак истото, што значи дека не сум можел да направам грешка.

Мисиите за НАТО во идната година ќе бидата околу 6 милиони долари односно 300 милиони денари. Ни беше соопштено дека за таа намена се одвоени средства во функциите на државата од 150 милиони денари, што е точно,меѓутоа она што дополнително не ни беше соопштено, а тоа е напишано во Буџетот е дека во Министерството за одбрана, во Програмата 21 на страницата 177 од Буџетот има уште една ставка која вели “Меѓународни воени мисии 131 милион денари”. Знаеме дека НАТО меѓународните мисии не ги смета во трошоци за одбрана, туку ги смета во трошоци за надворешна политика, како што соопшти министерот за одбрана овде кога расправавме за испраќањето на нашата последна мисија во Босна или во Авганистан. Значи, на недостатокот 700 милиони треба да додадеме уште 130 милиони кои се предвидени за

меѓународни мировни мисии во Министерстовото за одбрана, во негвиот Буџет, а очигледно не треба да бидат таму. Така што средтсвата од 2,3 во Министерството за одбрана се ближат некаде близу 900 милиони денари недостаток кој мислам дека ова Собрание треба да го добие барем како објаснување ако не некако поинаку. Тоа што јас средствата за одбрана што овде ги кажувам не ги кажувам само средствата од Буџетот кој се помалку од предвиденото, туку и самофинансирачките активности на Армијата од 2,1% од Бруто домашниот производ.

Она што паѓа во очи е уште нешто исто така многу битно за нашето идно интегрирање, а тоа е дека Буџетот за Министерството за внатрешни работи во идната година е намален за 230 милиони денари. Јас сега сакам да поставам прашање како ние мислиме да ги спроведиме реформите што ги усвоивме со Законот пред месец или два, кои стапуваат на сила точно во септември идната година и кои предвидуваат сериозни реформи на Министерството за внатрешни работи согласно со ЕУ стандардите, а Буџетот на Министерството за внатрешни работи се намалувам надоле и во однос на Буџетот на 2006 година, кој бил 7.535.000.000, а во однос на ребалансот уште помалку затоа што со ребалансот беа одземени средства од Министерството за внатрешни работи.

Од аспект на европското интегрирање сакам да укажам и дека нешто каде што сите очекувавме дека ќе имаме малку позначителни средства токму поради ЕУ стандардите и побарувањата односно обврските кои од нас со очекуваа нивото на средствата за екологија е на исто ниво. Тие се исклучително мали средства. Македонија досега двоеше околу 200 до 220 милиони годишно за екологија, а на волку зголемен Буџет кој во однос на 2006 година се зголемува во милијарди денари навистина за менае е несватливо зошто не се зголеми Буџетот за екологија заради тоа што сите знаеме дека во мислењето кое го достави во нашата кандидатура Европската унија во ноември или декември 2005 година имаше 5 категории на области во кои, во категоријата 1 беа областите каде што имаме постигнато усогласување со Европската унија и дека не треба ништо повеќе да правиме, а во областа 5 беа секторите каде што усогласувањата не се очекуваа ниту на долг рок, значи 10 години да го направиме затоа што сме многу назад. Да ве информирам дека во категоријата 5, ова мислење на Европската унија е валидно, беше ставено само една област и тоа е екологијата, така што јас очекував кај екологијата Владата да обрне повеќе внимание, а очигледно дека во овој момент тоа не се случува.

Буџетот, како што кажа нашиот колега Маријан Николов обично ја изразува волјата на државата за идната година. Македонија покрај некои од проблемите кои ги третира Буџетот,а спаѓаат во економската свера има проблеми во економијата кои се точно јавни проблеми односно проблеми на јавната потрошувачка и на Буџетот сам на себе, кој за мое изненадување Буџетот не ги третира. Да соопштам неколку примери, патишта. Вкупниот Буџет на јавната потрошувачка што во Македонија 2006 година беше 103 милијарди денеска е 112 милијарди, зголемувањето е фантастични 9 милијарди односно 150 милиони евра, а Буџетот на Фондот за патишта останува ист. Еден од најголемите проблеми во Македонија се патната инфраструктура. Претпоставувам дека одговорот на Владата ќе биде дека ќе се распишат концесии, во што сум јас скептичар дека ќе се реализираат затоа што таму каде што концесиите се предлага од страна на Владата да се формира во коридорите 8 и 10 фрекфенцијата на возилата е толку мала што никој од нас нема да биде спремен да ги плати патарините што тие ќе ги наметнат односно никој нема да биде спремен со пониските патарин што ние ги наметнуваме да ги добие концесиите. Меѓутоа, за тоа ќе успоруваме веројатно кога ќе дојде време, сега имаме различни видувања, различни проекции за што претпоставувам дека Владата ќе си ја каже "својата песна", јас ќе си ја кажувам мојата песна и тука некако не се наоѓаме. Уште поголема рак рана на македонската инфраструктура е железницата. Јас сум просто вчудоневиден зошто Владата во делот на инвестициите средствата ако не претерувам, еве ставам една ограда, ги расфрла во градење на музеи, во градење на споменици на културата и други објекти, а не може да види тоа што ни е потребно на нас итно ни е инвестиции во железницата. Тие се на истите или на помало ниво од минстогодишното, иако имаме Закон за железница кој е донесен и кој утврдува во законот кое е нивото на средствата од Буџетот кои треба да се двојат со законска одредба. Дали е тоа усогласено или не, незнам претпоставувам дека Комисијата за транспорт требаше да го расправа тао прашање.

И се разбира проблемот број еден, кој почитуваниот министер не случајно во воведното излагање зборуваше скоро третина од времето е енергетиката. Јас навистина не можам да сватам зошто ако ние во иднат година имаме клучен проблем во енергетиката. Ако Народната банка и Министерството за финансии имаат предвидувања во платниот биланс дека само за увоз на енергија без разлика дали е таа електрична, течни горива и друго. 200 милини евра ќе се зголеми расходната страна на платниот односно на трговскиот биланс на Република Македонија во идната година, иако е сосема очигледно дека Македонија во овој момент задоволува две третини од потрошувачката со сопствено производство. Зарем толку тешко е да се види дека нас инвестициите ни се потребни да ги насочиме во сверата на енергетиката, во сверата на железницата, во сверата на патната инфраструктура. Меѓутоа, очигледно дека тука Владата, јас повторно ќе кажам тоа што го кажав во една друга прилика, мислам дека станува заробеник на напишана изборна програма од која сега не знам од кои причини не смее да отстапи

ниту милиметар. Секој денар повеќе во енергетиката со најавени рестрикции е многу, многу пологичен одколку изградба на објекти кои, видете само во Министерството за култура за кои намени се во услови кога Македонија најавува дека ќе се соочува со рестрикции во енергетиката. Само заради мојот почитуван долгогодишен колега на едната или на другата страна, никогаш не се најдовме на иста страна од овој Парламент Аднан Ќахил кој е сега министер, секогаш кога е тој министер јас сум пратеник во опозиција, кога сум јас министер тој е пратеник во опзиција, сега е повторно тој министер јас сум повторно пратеник во опозиција, веќе 4 пати се менуваме никако да се најдеме на позиција двајца пртеници или двајца министри, можеби за жал. Дури јас бев министер господинот Аднан Ќахил сите 4 Буџети и сите три ребаланси на Буџети имаше амандмани кои тежеа десетици милиони евра, десетици милиони денари во сверата на науката. Ова не го кажувам за господинот министер за финансии туку заради тоа што предлагач Владата, господинот Ќахил посотјано зборуваше по еден час по секој Буџет и по секој ребаланс на Буџет значи годишно зборуваше по два часа за тоа колку ни се потребни парите за науката, парите за науката, парите за науката, сега господине Ќахил ви укажувам дека во вашата Влада во која сте вие министер парите за науката се намалени. Консеквенците односно причините за тоа побарајте ги самите и веројатно сега ќе ви се вратат во сеќавање сите оние ваши дискусии во кои не уверувавте колку е битна науката во Република Македонија. Инаку во бројки, за да не испадне дека не знам што зборувам, во 2006 биле предвидени сретства 260 милиони, во 2007 се предвидуваат 240 милиони од страна на Буџетот за науката. Судскиот Буџет е намален, инаку ова господинот Ратко зборуваше дека сите се зголемиени, апсолутно не е точно дека сите се зголемени, уште еден или четврти или петти пример. Судската власт е намалена и она што ме шокира мене е што точно Буџетскиот судски совет секоја година држеше силни прес-конференции во кои постојано се жалеше дека средствата се недоволни, средствата се недоволни, средствата се недоволни. Господинот претседател на Судскиот буџетски совет кој ја врши таа функција ја врши ексофиција претседател на Врховниот суд, оваа година даде изјава дека е задоволен од Буџетот. Само да потсетам дека Судскиот буџет оваа година е намален во однос на 2006 година. Исто така немам коментар, ниту за Буџетот, ако на судиите овој Буџет им е добар тогаш јас ќе бидам среќен, ако на господинот претседател на Буџетскиот судски совет намалениот Буџет за 2007, година во која треба да ги оствари клучните реформи во судството му е доволен и тој е задоволен оваа година и можам да му честитам и да му посакам со тие средства и понатаму да го реформира судството.

Да не зборуваме дека Фондот за патишта, кажав да не се повторувам, ги има истите буџетски средства или незначителни разлики во услови кога Буџетот генерално оди со значителни чекори напред во ова расходната страна ,ги има истите средства, а Фондот за здравствено осигурување го има истиот Буџет од 2006 година веќе трета година по ред. Јас навистина се прашувам ако не следат дополнителни законски промени освен оние две три боички за лак за нокти кои ни се предложени на оние прекинати седници како Фондот за здравство ќе продолжи да се бави со сопствените реформи кои се едни од најтешките во државава кои треба да се случат, затоа што со истите средства кои се предвидуваат, без раст на нивните оргинални средства, изворни средства не гледам дека реформити ниту ќе почнат да се остваруваат, а комо ли да се довршат или да се внесат во завршната фаза.

На крајот да сумирам вкупно за Буџетот.

Мислам дека Буџетот има ризични проекции на приходната страна кои се базирани повеќе на желби и на ветувања отколку на реалност. Буџетот базира на зголемување на приходите врз основа на стапка на раст од 6% која Владата ја проектирала,а за која немаме никаква документација врз основа на што ја проектирала, во кои сектори ќе се развива 6% просечно, колку ќе се развива индуструјата, како индуструјата ќе одни напред во услови кога најавуваме енергетска рестрикција за клучните потрошувачи во индустриското производство односно и за вкупните учесници во пондерот на индустриското производство не ми е јасно и затоа мислам дека овој Буџет, што се вели народски дај боже да се исполни, меѓутоа мене лично ми предизвикува еден сомнеж дека Буџетот се потпира на приходната страна на проекции кои нема да можат да се исполнат и ќе ја доведат Владата во многу непријатна ситуација кога ќе почне тој да се реализира.

**Бесим Догани:** Збор има пратеникот Верица Филипова.

**Верица Филипова:** Благодарам потпретседателе, почитуван министре, почитувани дами и господа пратеници. Денес дискутираме по еден многу важен документ за Република Македонија. И од тие причини се подготвив и јас да се јавам за дискусија.

Донесувањето на Годишниот буџет на една држава е многу важен и многу битен момент во нејзиното функционирање. Од Буџетот зависи во голема мера развојот, или опфаќањето на одредени дејности во државата. Тој претставува еден вид на регулатор на општествените потреби, или двигател на општествените сили. Нашиот народ многу очекува од оваа Влада. На изборите на 5 јули во предизборните активности на сегашната позиција во економско пропагандните спотови и програми, само сега не повеќе снимани во ТВ студијата, туку на јаве меѓу граѓаните се ветуваа кули и градови. Се ветуваа пари за стечајците, се ветуваа пари за тутунарите, пари за лозарите, странски инвестиции, вработување на младите, вработување на средните генерации, активни мерки за вработување на постарите

генерации и тн. Слушајќи го сето тоа нашиот народ со право очекува сиромаштијата преку ноќ да ја снема. Јас иако сум пратеник од опозицијата би била многу среќна барем еден дел од сето ова да може да се случи. Меѓутоа, Буџетот и првите сто дена покажуваат нешто друго. На Владата и е поважно дали да се работи, или да не се работи на 2 јануари и на 2 мај, дали Народната банка ќе се викала Национална, или само Банка на Република Македонија. За овие 117 дена Владата не само што не успеа да направи чекор за збогатување на народот, се согласувам со тврдењата на многумина дека сто дена се навистина малку за реален напредок. Но, не мораше за сто дена да расипе толку многу.

Сега имаме нови проблеми во поглед на политичката стабилност на државата, нови проблеми во меѓуетничкиот дијалог, нови проблеми поради максималното партизирање на администрацијата. Што друго? Ни помалку, ни повеќе црвено светло од Брисел. Стоп засега за Македонија и за нејзиниот напредок на патот кон Европската унија. Македонија е префрлена во друг воз, сега друштво ќе ни прават Србија, Црна Гора и слични, а не напредната Хрватска. Дополнително со однесувањето на парламентарното мнозинство во Собранието се создаваат и дополнителни елементи за идна политичка криза. За жал, тоа сите го гледаат, тоа го гледаат странците, единствено слепи остануваат властите. Наместо благосостојба, наместо мед и млеко, сега гледаме нешто друго. Пред нас имаме буџет на една многу сиромашна држава. На секој од нас му е јасно дека нема пари и покрај полната каса која ви ја оставивме на 5 јули 2006 година ви за ви празната каса која ја наследивме на 15 септември 2002 година. Нема пари за ниту минимален дел од предизборните ветувања. Земи од едно место, стави на друго, па на првото ќе фалат. Колку и да се прават префрлања, пермутации и виши математики едно е јасно. За Буџетот е потребна само проста математика. Сета работа се решава со собирање и вадење. Се фалите дека на време, односно во одличен рок е даден Предлог-буџетот за 2007 година. Во учебниците од средно образование од Норвешка кои ги добивме сите пратеници овде, гледаме дека таму со буџетот се започнува на пролет. Граѓаните на Република Македонија очекуваат раст на Буџетот, раст на бруто националниот доход, очекуваат зголемување на Буџетот за пет пати, очекуваат десет пати поголем буџет, очекуваат буџет како на поразвиените држави. На пример, рамките на нашиот буџет се една осумнаестина од Буџетот на развиените економии со ист број на жители. А јасно е дека тоа не е можно, јасно е дека нашиот развој ќе оди многу, многу бавно. Јасно е дека се нема пари за најголем дел од предизборните ветувања, па дури и да се оствари проекцијата од 6% пораст. Ние сме свесни дека со домашната акумулација не можеме да одиме напред. И оттука се поставува прашањето како можеме да поттикнеме странски инвестиции. Оваа Влада многу ветуваше. Но, засега не видовме ништо освен започнатите од претходниот период, а и голем дел од запожнатите се кочат, поништуваат, омаловажуваат. Скоро и да нема интерес на странците за нивно инвстирање во нашата земја освен декларативни иницијативи. Зошто е тоа така? Прв и основен проблем за ваквите држави е политичкиот проблем. Странските инвеститори не им веруваат на владите во ваквите држави, затоа што не можат да обезбедат политичко-безбедносна состојба, не можат да обезбедат неутралност на државната администрација и не можат да обезбедат независно судство. Тоа се основните принципи на кои оваа Влада треба да посвети внимание доколку сака да има странски инвестиции за што се декларира. Впрочем нешто слично слушнавме и во експозето на почитуваниот министер Славески кој цитирајќи го Адам Смит кажа дека уште пред 230 години е кажано дека на прво место е мирот пред се и над се. Ова исто така значи дека основен двигател за развој на едно стопанство можат да бидат само странските директни инвестиции. Оваа Влада со политизирање на судството сведоци сме веќе во изминатите десетина дена на кој начин и како се прави тоа, сведоци сме утринава и во петокот на собраниската седница што се се правеше и се дискутираше на ова поле. Со експресните промени во државната адмиистрација памтиме дека за 48 часа по стапувањето на оваа Влада на власт, баа искуцани 1200 решенија за промена на работни места. Памтиме дека дактилографките куцаа дење ноќе за да можат да ја завршат таа работа, нешто невидено на друго место. Оваа Влада со подведувањето на целата политика на премиерот во областа на пиарот не овозможува интерес кај странските инвеститори да дојдат и да инвестираат во Република Македонија. Уште повеќе случаите на поништување на веше завршените тендерски процедури. Ќе наведам неколку примери, како Термоцентралата Неготино и австрискиот ЕВН, стопирањето на тендерот за малите хидроцентрали кои го имаа откупено повеќе странски компании, раскинувањето на договорот со Меркатор од Словенија, несериозноста кон Лукоил, исклучувањето на струјата на француски Силмак, проблемите во напојувањето на меѓународната Фени легури и уште многу слични случаи се исклучително лош сигнал за странските инвеститори.

**Бесим Догани:** Ве молам да се држиме, општ претрес е колеги. Да ја сослушаме колешкава.

**Верица Филипова:** Ве молам потпретседтеле, мислам дека е во ред, општ претрес е така. Така ли ќе ги привлечеме странците, со несериозност и со шарлатанство. Тие знаат од нас повеќе за нас самите.

Јас не сум експерт за буџети, но ќе се обидам да се осврнам на некои делови од проекциите, од аспекти кои на мене ми се блиски.

На почеток би почнала со предвидената расходна страна на Министерството за економија. Во Министерството за економија спаѓа енергетиката. А деновиве сме сведоци за проблемите кои ги

имаме во енергетскиот сектор во Република Македонија. За овие проблеми и средствата потребни од Буџетот и средствата кои ќе се очекуваат како прилив во Буџетот сакам малку да позборувам. Дали знаете почитуван министре како се трошат вашите 20 милиони евра во АД МЕПСО, 20 милиони евра донација од ребалансот на Буџетот кој го изгласаа вашите пратеници, 20 милиони евра заради кои вие бевте подложени на медиумска гилотина. Убедена сум дека не знаете, поради тоа би сакала накратко овде да подискутирам за тоа. Демек имало криза, морале да произведуваат скапа електрична енергија од ТЕЦ Неготино, морале да купуваат мазут од ОКТА, за да не дојде до рестрикции и да можеме во Парламентот да имаме светло и да работиме како што рековте и дека заради кризата некој од МЕПСО требал да оди зад решетки. Кризата на глобалниот пазар со електрична енергија вешто се користи за да се направи уносен бизнис со ОКТА. Ќе образложам зошто. Во ситуација на високи дневни температури за ова време од годината, на добри временски услови кога се постигнуваат многу пониски товари во електроенергетската мрежа од очекуваните, системот работи чудно. Термоцентралата Осломеј е исклучена од системот. Најголем дел од хидроелектраните се исклучени од системот и покрај расположивиот хидро потенцијал. Рударско-енергетскиот комплекс работи со намалена снага. Само ТЕЦ Неготино работи турбо дење-ноќе со максимална снага и покрај најскапата цена на произведениот киловат час. А, зошто е тоа така? Тоа е така за да се потроши што поголема количина од договорениот мазут за кој е постигната непосредна спогодба помеѓу МЕПСО и ОКТА во рамки од 20 милиони евра. Рековте може нема да бидат 20 милиони, можеби ќе бидат 13, меѓутоа, можеби можат да бидат и 7. За каква криза со електрична енергија во Македонија се работи? Во Македонија се работи за вештачка криза со електрична енергија, за да се направи добар и уносен бизнис за поединци на сметка на државната каса. Ова го тврдам најодговорно, знаејќи посебно дека менаџерот, односно директорот за управување во МЕПСО не е променет. Тој е истиот човек, истото стручно лице, кое ја работеше таа работа и пред 5 јули. Променето е другото раководство, променет е генералниот диракторна МЕПСО. Тоа го знаете вие добро.

Како пример би ви кажала на 13.12. 2006 година какво било оптеретувањето во Македонија. Максималниот товар во системот во 18 часот бил 1336 мегавати. И во тој период ТЕЦ Битола наместо да работи со полни 624 мегавати, работела со 600 мегавати. Хидроцентралите работеле наместо со 481 мегават, со 209 мегавати. ТЕЦ Осломеј била исклучена, а работел само ТЕЦ Неготино со полна снага. Доколку временските услови беа полоши ќе се оствареше планираната потрошувачка од 31,3 милиони киловат часови, значи дневен конзум поголем од 3,7 милиони. Со ангажман на ТЕЦ Осломеј со 2,4 милиони киловат часови и со поголем ангажман на ТЕЦ Битола со дополнително производство од 1 милион киловат часови, ангажман на хидроелектраните за 300 илјади киловат часови би бил оправдан полниот ангажман на ТЕЦ Неготино. Меѓутоа вака се произведува вештачка криза ти го валкаат образот за некој да профитира.

Сега би сакала да кажам нешто околу енергетиката. Јас 24 години работев во Електростопанство на Македонија, оваа област ја познавам најдобро. Заради тоа неколку пати веќе дискутирам во врска со оваа област. Би сакала да подискутирам, проекцијата во Буџетот и планот за продажба на АД Електрани на Македонија, или накратко АД ЕЛЕМ. Во капиталните расходи немате нагласено дека планирате да вршите продажба на дел од акциите на АД ЕЛЕМ. Во дневниот печат деновиве тоа можевме да го прочитаме дека 30% од акциите на Електрани на Македонија во почетокот на втората половина од годината ќе биле прродавани на берза. Ме зачудува пристапот околу продавањето на 30% акции на берза на Електрани на Македонија. Ќе сте ги продавале на физички лица само граѓани на Република Македонија, на македонската берза. Како е можно тоа? Кога ќе се стават акции на берза, дали ќе купат физички лица, или ќе купат правни лица, или ќе купат наши граѓани, или ќе купат странски граѓани, тоа не може да се контролира. Берза е берза. Каков е овој политички маркетинг?

Сега би сакала да подискутирам околу малцинскиот пакет на продажба на акциите, односно тие 30%. Кој купува малцински пакет од акции во фирма која не створа приходи? Кој купува малцински пакет од акции во фирма од која на крајот на годината нема да добие дивиденда? Кој купува таков пакет за да си ги зароби парите? На изглед ќе речеме дека никој не би купил. Меѓутоа, ако се работи за нечисти пари, ако се работи за пари спечалени на нечист начин, тогаш за да се исперат се купува на легален начин пакет на акции. Сеуште го памтиме случајот со Охридски Арарат, со Охридски ЕМО и неговата продажба на некоја си фантом фирма Арарат за да се исперат, добро се сеќаваме чии пари беа тоа. Дали се планира нешто слично да се направи и со Електраните на Македонија?

Сега би сакала да подискутирам и за цената на акциите на АД ЕЛЕМ. Велите дека книговодствената вредност изнесувала 507 милиони евра и ќе се продавале по номинална вредност од 1000 денари акција, номинална книговодствена вредност. Да ве потсетам на еден прес на ВМРО-ДПМНЕ на 10.02.2005 година кога беше актуелна продажбата на Електростопанство на Македонија, тогаш беа во иста организација македонските дистрибуции и Електраните на Македонија. Беше изјавено дека реалната вредност на ова друштво, основниот капитал на ова друштво изнесува 38 милиони.845 илјади,188.421 денар, или околу 630 милиони евра. Меѓутоа, дека постојат електрани стари по

50 до 70 години чија книговодствена вредност е нула и притоа истите се во добра состојба и ниванта пазарна вредност е висока. Според тоа и книговодствената вредност е далеку помала од пазарната.

Зошто Владата првиот обид и тендер не го направи врз база на книговодствената вредност, како почетна цена за наддавање. Значи, правата вредност на електраните на Македонија, според таа ваша процена од 2005 година изнесува околу 2 милиона и 200 илјади евра. Вашата интенција била да ја продавате на берза во вредност од 507 милиони евра. Бројките се разликуваат 1 према 4.

Би сакала исто така, во контекст на разгледување на Буџетот, проекциите, приходите, расходите за 2007 година да се осврнам на уште еден дел од македонското "Електростопанство", тоа е на новиот тендер за ТЕЦ "Неготино". Која е реалната причина за поништување на првиот тендер кога најдобриот понудувач беше позната енергетска компанија во светот, тоа е ЕВН од Австрија, кога беа понудени одлични услови, цена од 4 милиони евра инвестиции од 800 милиони евра за 10 години, зголемување на капацитетот од сегашните 210 мегавати на 230 мегавати, доведување на гас до Неготино. Тоа ќе значеше да заживее целиот тој крај. Ќе беа ангажирани работници за изградба на објектот, за изведба на гасоводот, ќе можеше и другите компании во тој крај да работат на гас. Сега беше проценето дека понудувачот не понудил добра цена и тендерот беше поништен.

Потоа се зборуваше дека заради енергетската криза ќе ни треба ТЕЦ "Неготино" и нема да вршиме продажба на Термоцентралата, за да еволуира мислењето на надлежните, мислам дека тука под надлежни е Владата на Република Македонија и повторно да се донесе одлука дека ќе се нуди на продажба 100% од ТЕЦ "Неготино".

Дали во Предлог-Буџетот за 2007 година е планиран приход од продажбата на ТЕЦ "Неготино" и колкав е? Зошто сето ова не е направено транспарентно? Зошто во Предлог-Буџетот не пишува дека ќе се продава на тендер 100% од капиталот на ТЕЦ "Неготино" и 30% од капиталот на Електрани на Македонија? Кој ќе биде одговорниот ако на новиот тендер за ТЕЦ "Неготино" се постигне пониска цена од горенаведената? Дали неспособноста повторно ќе се бара во претходната власт, во затворање зад решетки на луѓето кои претходно биле одговорни. Закана? Каква закана?

Сега би сакала од другите раздели во Буџетот за 2007 година да се осврнам на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Велите дека Македонија е земјоделска држава, дека во Македонија во иднина треба да се посвети поголемо внимание и поголеми средства да се одделат за развој на овој сектор.

Јас сега ќе прочитам една дискусија за земјоделството од пратеник од тогашната опозиција кога се донесувал Буџетот за 2005 година. Се вели вака:

"Вака поставениот Буџет не ветува развој". Истото може да се однесува и за овој Буџет според бројките. Вака поставениот Буџет не ветува развој со кој ќе се обезбеди поттикнување на развојот на земјоделството и шумарството во следната година. Од вкупниот Буџет предвиден и предложен се забележува дека околу, тогаш било 2,5%, а сега е 2,8% оди за оваа стопанска дејност. Сакам да напоменам дека земјоделството и шумарството како стопанска дејност во бруто домашниот производ учествуваат со околу 30%. За разлика од развиените земји, но и поголем број на земји кандидати за членки во Европската унија во периодот на кандидатурата одвојуваат двојно повеќе од бруто домашниот производ за овие стопански дејности. Како пример ќе го спомнам Буџетот на Република Словенија, кој што има предвидени 5% од својот Буџет за развој на земјоделието. Значи, таму било 5% а ние сме повторно на 2,5% или 2,8%. Што е многу важно, со други пропратни ставки кои се од посебен општествен интерес за државата, која што со посебни програмски активности и развојни проекти сака да го поттикне нивниот развој. Таков пример се забележува со развојот на рибарството, пчеларството, искористувањето и преработката на ендемската флора, производството на еколошко здравствено исправна и безбедна храна и т.н.

Сега можам да читам уште десетина страници, кои се однесуваат и на овој Буџет, само што сега вие сте во позиција, тогаш бевте опозиција. Тогаш сте замерувале дека памукот, или вашиот пратеник замерувал дека памукот, сусамот, леќата, просото, афионот и друго не се гаеле во Македонија, сме ги увезувале. Со исти средства, иста ќе биде состојбата. Сте замерувале дека засилено се врши увоз на свинско, пилешко и говедско месо со различни преработки, наместо тие пари да се дадат за развој на домашните капацитети. И натаму, нашиот народ јадел замрзнато месо со сомнителен квалитет увезено дури и од Бразил. Со истите средства повторно ќе јадеме увезено месо од Бразил.

Спроведувањето на пописот на земјоделските домаќинства, изработка на стратегија за развој на земјоделството и соодветни програми и планови во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, поддршка на развојот на фармерскиот систем и управување со земјоделското земјиште, односно земјоделските производители и фармери кои постојат и функционираат во Европската унија. Измени на Законот за земјоделско земјиште, со кој се регулира максимум. Замерките биле на поделбата на земјоделското земјиште. Направивте поделба во земјоделското земјиште, се сликавте во Ерџелија со каубојски шешири, меѓутоа, ефектот е никаков. Утрово кога доаѓавме на седница на Собрание, токму земјоделците од Ерџелија беа собрани на патот, да се бунат околку распределбата на земјоделското земјиште.

Ефектот од тоа е никаков бидејќи е направена нетранспарентна и неправилна, спрема

земјоделците распределба на земјоделското земјиште а залагањата декларативно беа сосема спротивни.

Ова е општа расправа по Буџетот, впрочем јас говорам и за гледачите на Собранискиот канал повеќе, за нашите избирачи, а пратениците ако не сакаат да слушаат и не мораат да седат во салата.

Ве молам ред да ставите во салата.

**Иван Анастасовски:** Ве молам, колеги да и дозволиме да зборува колешката.

Продолжете.

**Верица Филипова:** Кој не сака да слуша, не мора да седи овде.

Би сакала сега да се задржам на функционирањето на Собранискиот канал.

Функционирањето на Собранискиот канал не е предвидено во средствата на Буџетот на Собранието потребни за функционирање на Собранието на Република Македонија. Тие средства ги нема, тие средства се изоставени и за тоа поднесовме амандман од пратеници и од опозицијата и од позицијата.

Договорот за функционирање на Собранискиот канал истекува деновиве меѓу Собранието на Република Македонија и Македонската радиотелевизија.

Собранискиот канал е опремен со максимална суфистицирана опрема за функционирање меѓу најдобрите во Македонија донирана од страна на ОБСЕ, од страна на Стејт Департментот. Постоеше стравување и кај донаторите, односно и кај претставниците од ОБСЕ, кај претставници од Француската амбасада и кај повеќе субјекти од меѓународниот фактор дека со непредвидувањето на средства за функционирање на Собранискиот канал идејата би била да се прекине неговото емитување имајќи ја во предвид сегашната лоша ситуација на Македонската радиотелевизија и да се прекине прозорецот меѓу Парламентот и македонскиот граѓанин. Интересот за функционирањето на Парламентот, интересот за функционирањето на работните тела на Парламентот, дискусиите на опозицијата и дискусиите на позицијата секако, се многу гледани кај граѓаните на Република Македонија. По деловите каде може да се прати програмата од Собранискиот канал за жал, има делови Кривопаланечко, за жал, има и делови од Западна Македонија каде не функционира неговото пренесување на албански јазик, меѓутоа во деловите каде што добро се прати оваа програма беше кажано од претставници на Македонската радиотелевизија дека процентот на гледаност е поголем, од нивни интерни анкети, дури и од гледаноста на Дневникот на Македонската радиотелевизија. Значи, потребата од функционирање на Собранискиот канал е многу голема. Јас би сакала да апелирам до Владата на Република Македонија да има чувства и да има сенс да одвои потребни средства, во амандманот се назначени колкави се тие средства, како би можело и понатаму да продолжи функционирањето на Собранискиот канал. Дали на начин како што беше до сега или по предлозите слушнати од сесијата, семинарот на господинот Витру од Франција истакнат новинар, публицист, истакнат долгогодишен директор на Француската радиотелевизија, да продолжи да функционира на некој друг начин Собранискиот канал, можеби и со друга програма.

Не би сакала да помислам дека намерата на позицијата е да ја замолчи опозицијата, а, непредвидувањето на средства од делување на Собранискиот канал, промените во Деловникот на Собранието на Република Македонија ме упатуваат токму на такво мислење.

Понатаму, би сакала да се осврнам на друг дел од Буџетот за 2007 година. Тоа би било предвидените пари за Министерството за образование и наука.

Многу актуелно, слушнато во дискусиите на најголем дел од досегашните дискутанти и за тоа немам намера да се повторувам, дневните весници впрочем, наголемо го пишуваат тоа. На пример, еве пред мене е денешниот весник “Време” во кој насловната вест е “Компјутерите ќе влезат во распаднати училишта”. Да кажам за едно наше распаднато училиште во Штип, градот од каде јас доаѓам, училиште во кое има пораст на бројот на ученици од година во година. Тоа е училиштетот во населбата Бади градено 1974 година кога населбата имала многу мал број на жители. Тоа е приградска населба со преку 8 илјади жители, со околу 500-тини ученици, а учат по 40-тина ученици во одделение. Учат во три смени. Учат во 8 училници. Нема наставничка канцеларија, нема греење во училиштето, односно затоплувањето се одвива во примитивни печки на дрва, нема фискултурна сала, нема гардероба. На тие ученици, на тие деца не им се потребни, не им се неопходни компјутери, бидејќи досегашната донација на компјутери не можеше да се смести во тоа училште па беше пренаменета за друго основно училиште во Штип. На тие ученици им се потребни нови канцеларии, нови училници, потребна е реконструкција на училиштето, да се ставаат прописни прозори, да се инсталира прописно загревање во училиштето. Се надевам дека ќе имате разбирање и дел од средствата предвидени за компјутери ќе ги пренамените за санација и доградба на основното училиште во населбата Бади во Штип бидејќи убедена сум дека ова е едно од ретките училишта во Источна Македонија во која бројот на ученици се зголемува.

Исто така, на кратко би сакала да се осврнам, во овој раздел на функционирањето на дисперзираните студии во Штип.

Првата година се воведени дисперзирани студии на Универзитетот “Свети Кирил и Методи” во Штип. Интересот и покрај тоа што конкурсот беше објавен во последниот уписен рок, беше огромен. Тоа покажува дека идејата дека во Штип се потребни студии и е потребно високо

образование, дали во форма на дисперзирани студии на Универзитетот “Свети Кирил и Методи” кои по мене нудат подобра наставна програма и сигурен квалитет на наставниот кадар или во форма на нов универзитет, што според мене, за сега, би било рано, бидејќи ќе значи дополнителни средства за нов наставен кадар, за асистенти професори и т.н., за кои нашата сиромашна држава не е спремна. Меѓутоа, интересот на студентите покажа дека е потребно и неопходно да се создадат солидни услови за одвивање на наставата. Наставата на Економскиот и Правниот факлутет не знам, можеби вие, почитуван министре, таму сте професор, се одвива во Пионерскиот дом во Штип кој е граден 80-тите години. Цврста градба, одлична зграда, меѓутоа, од забот на времето дотраена. Фалат само шминки, фалат ситни инвестиции да се опреми и да се обезбеди достојно школување на идните универзитетски граѓани од Источна Македонија. Ми беше кажано на Комисијата за економски прашања од страна на вашиот заменик, господинот Предраг Трпевски дека со ребалансот на Буџетот за 2006 година биле предвидени 7 милиони денари за дисперзираните студии во Штип. Овие средства сеуште не се пристигнати, ако е така. Сеуште наставата се одвива во ладни простории, во ладни училници што не е пријатно со оглед на се пониските температури, и јас би сакала да се обезбедат средства, тоа ќе бидат повторно, повторувам, мали средства за достојна настава и достојно пратење на наставата на студентите на штипските факултети.

Да дискутирам за средствата потребни и предвидени за Министерството за култура не би сакала, освен фактот дека малку локалистички ќе дискутирам, дека ниту еден од предвидените објекти не се наоѓа на територијата на Источна Македонија. Мислам дека тоа не е во ред. Мислам дека и во Источна Македонија се потребни културни инвестиции, на полето на културата како пример да дадам дека е можеби добро да се обезбеди санација на училиштето “Гоце Делчев” во штипско Ново Село во кое учителствувал нашиот славен и почитуван Гоце Делчев, во кое е предвидено да се направи спомен соба на периодот на учителствувањето на Гоце Делчев кое е во автентична состојба, меѓутоа, во лоши руинирани услови учат учениците. Таму се уште се одвива наставата во подрумскиот дел на училиштето, сеуште постојат автентичните клупи помагала на кои се одвивала наставата од времето кога учителствувал Гоце Делчев, почетокот на 20-от век. Заради тоа можеби е потребно средствата наменети за културата да се пренаменат и во овој музеј на Гоце Делчев, музеј на времето кога учителствувал во познатото штипско Ново Село. За ова впрочем, имам поднесено и амандман.

На крајот би сакала да се осврнам и на средствата предвидени за Фондот за магистрални и регионални патишта. Еден дел од приходите на средствата на Фондот за магистрални и регионални патишта се приходи од наплата на патарината. Приходите од наплатата на патарината ги наследивме во 2002 година во висина од 360 милиони денари, а во 2003 година изнесуваат 750 милиони денари. Порастот е повеќе од 1:2, наплатата на патарините одеше по нагорна линија. Моменталната состојба во изминатите месеци не е таква. Во суштина и текстот во познатата ревија “Економист” со наслов “Македонска овошна салата” го коментира тоа, односно дека ретко кој ја плаќа патарината на Автопатот Скопје -Гостивар.

Би сакала да додадам дека во изминатиот период е започнат проект со донација на Светската банка, дел, дел од УНДП, партиципација од Буџетот на Република Македонија околу инсталирање на нов наплатен систем на патарините за автоматска наплата. Дел од овој проект треба да финансира и Владата на Република Македонија. Проектот е завршен, софтверското решение е изработено, потребна е само негова имплементација и се надевам дека сегашната Влада ќе продолжи со реализација на овој проект односно со имплементација на проектот за автоматска наплата на патарините на автопатиштата во Република Македонија.

Во врска со Буџетот на Фондот за магистрални и регионални патишта не можеме да видиме за кои патишта се предвидува да се намени овој Буџет, освен на почетокот кај капиталните инсвестиции, каде што се вели дека за патот Радовиш-Струмица и за автопатот. Во програмата на ВМРО-ДПМЕ беше наведено, а всушност и во претходниот состав на Собранието неколку пати се расправало и се донел заклучок за изградба на патниот правец Свети Николе - Миладиновци. Овој патен правец односно целиот пат Штип - Велес е главната артерија по која се одвива сообраќајот за цела Источна Македонија. За разлика од фазата на изграденост на патиштата во Западна Македонија, патиштата во Источна Македонија и патните правци се во многу полоша состојба, немаме ниту еден автопат, немаме ниту пат со три ленти, а сообраќајот од ден на ден е се поголем. Поради тоа потребна е барем во почетна фаза изработка на техничка документација, односно проект за изградба на патниот правец Свети Николе - Миладиновци. Ова би било голема инвестиција, изградбата и нереална инвестиција за овој Буџет на сиромашна држава како Македонија изградбата на патниот правец Свети Николе - Миладиновци, меѓутоа, мислам дека би било реално да одвоите средства за почеток за проектирање на тој патен правец. Имено, стариот проект е изработен во 70-тите години од минатиот век и е веќе надминат, неактуелен и неупотреблив.

Не ми е јасно исто така во кој правец би се движело управувањето и во која насока би одела приватизацијата на патиштата. Знаеме дека Европската унија бара да влезе приватен капитал на патиштата во Република Македонија, бара реални проекти за “Паблик партнер шип” или ППП проекти. Дали тоа е имплементирано во Буџетот

за 2007 година, дали ќе почнема со нив во оваа насока.

Благодарам за внимание, за сега толку би рекла.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам на општото излагање.

Има збор министерот за финансии.

Повелете господине Трајко Славески.

**Трајко Славески:** Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници,

Се јавив за збор затоа што имаше од неколку пратеници директни прашања до Министерството за финансии, односно министерот за финансиии како предлагач на Буџетот за 2007 година. Доколку во салата за време на моето излагање се појави и мојот претходник пратеникот Никола Поповски, ќе одговорам и на неговите прашања, затоа што мислам дека е ред да биде во салата затоа што јас го слушав целото негово излагање.

Госпоѓата Верица Филипова во својата долга и исцрпна дискусија загатна голем број прашања, се осврна речиси на 80% од Предлогот на Буџетот и речиси невозможно е да се даде одговор на сите поставени прашања. Но за она што беше импликација дека некој, како што беше кажано, злоупотребува јавни средства, некој профитира со некои програми итн, дозволете да одговорам директно. Министерот за финансии знае како се трошат парите кои се наменети за набавка на мазут за потребите на ТЕЦ Неготино, затоа што Министерството за финансии на сметките во Буџетот ги има средствата и ги исплаќа средствата, како што реков во моето претходно објаснување на ова прашање, врз основа на оригинални фактури кои се доставуваат од страна на извршителот на услугите. Само да споменам дека цената по која се врши оваа набавка е утврдена од Регулаторната комисија, независно тело кое што е избрано во времето на вашата претходна Владата. Спомнавте некое лице во МЕПСО кое било на иста позиција како и во претходниот состав на Владата и доколку ми го кажете неговото или нејзиното име, затоа што јас освен името на директорот на МЕПСО со кој комуницирам официјално и врз основа на писмен документ, ниедно друго име и лице вработено во МЕПСО не познавам, затоа што не се јавила таква потреба. Се што се однесува на оваа трансакција со која се обезбедува во моментот надоместување на јазот во снабдувањето со електрична енергија во Република Македонија е врз основа на транспарентна процедура, заснована на одлуки на Влада и валидни документи.

Исконструиравте една цела приказна за наводно вештачки создадена енергетска криза во Република Македонија и верувајте, не само како министер за финансии, туку како граѓанин на Република Македонија би посакал тоа да биде така. Би посакал да не сме принудени досега најскапата електрична енергија да ја плаќаме, вклучително и потребата од стартирање на ТЕЦ Неготино. Но како што објаснив ќе повторам, работењето на ТЕЦ Неготино е поевтина варијанта од набавката на електрична енергија, која ја нема на пазарот. Вие многу добро знаете како завршуваа досегашните неколку тендери, почнувајќи од оној во времето на вашата Влада, во април, кога ни беше објавено алармантно со паника дека се добиени само 33% од бараните количества на електрична енергија, кога вие сами ја прогласивте енергетската криза, односно претставниците на истото раководство на МЕПСО.

Не сум експерт за користење на енергетски ресурси затоа што споменавте капацитет кој што се користи на хидроелектраните, капацитет на термоелектраните итн, ништо не работело со полн капацитет, туку само ТЕЦ Неготино работел со полн капацитет. Ќе повторам, јас кажав дека со намалувањето на дневните температури некаде од 14-ти овој месец, се стартуваше и вториот блок на ТЕЦ Неготино, а дотогаш работеше само со половина капацитет. Сега произведува 200 мега вати на електрична енергија. Ако сте работеле во ЕСМ 24 години, сигурно ќе можете да процените дека нивото на водните акумулации кои ги обезбедуваат со вода нашите хидроелектрани, заради не толку влажниот период во последниве неколку месеци не е онака издашно како што вие тврдите дека може сега хидроелектричната енергија да го надомести овој јаз. Подобро од мене знаете како експерт во областа дека тој воден потенцијал може да се искористи во момент кога експертите знаат и повеќе од вас и повеќе од мене, ќе оценат дека тоа е потребно и неопходно. Исто и ТЕЦ Неготино знаете дека работи со потрошок на ограничен ресурс, лигнитот, и овде не би сакал да навлегувам во натамошни елаборации во врска со одлуките што ги носат експертите кои се надлежни за ова, но само да кажам дека со индигнација ги одбива вашите конструкции како злонамерни и како обид да се симне одговорноста, како што реков минатиот пат и на вашата влада и на луѓето задолжени за снабдувањето на Република Македонија, домаќинствата и деловните субјекти, со електрична енергија.

На почетокот спомнавте дека партиите кои ја чинат оваа коалиција ветувале пари за стечајците. Спомнавте и други категории. Би ценел да ме потсетите кога и кому партијата на која јас припаѓам ветила пари за така наречените стечајци. Вие знаете дека ние ги третираме како невработени лица кои можеби малку на различен начин од другите вработени, затоа што има различни категории невработени, се нашле во таа категорија. Значи ниту некому сме му ветиле, ниту имаме обврска да излегуваме надвор од системите, надвор од законите на Република Македонија. Со овој Буџет ви беше претставено при моето експозе, обезбедуваме пари за така наречените стечајни работници во така наречените активни програми на политиката на пазарот на работната сила. Обезбедуваме средства за помош на лицата кои се подолго време без работа да започнат некоја деловна

активност, обезбедуваме средства за помош за работно ангажирање на некои категории на граѓани кои се поранливи како самохрани родители со деца, деца без родители итн.

Ќе се вратам на дискусијата на неколку претходни дискутанти. Господинот Марјанчо Николов постави едно прашање кое со право и јавноста го поставува и некако стана шлагер при расправите за секој буџет, да се цени дали некој буџет е развоен или не е развоен. Дозволете како професионален економист да кажам дека ова прашање можеби не треба така да се поставува. Развојот на една земја не се темели само на јавните капитални инвестиции кои ќе се обезбедат со Буџетот. Овој Буџет ја има таа компонента и беше кажано во кој обем и за каков вид проекти. Овој Буџет почитувана госпоѓо Филипова е развоен затоа што правиме нешта кои никој до сега не се осмелил во Република Македонија да ги направи. Првата мерка на господинот Поповски како министер за финансии беше да ги зголеми даноците во Република Македонија, воведе трета стапка на персоналниот данок од доход од 24%, нешто невидено, нешто нечуено во светот на земјите во транзиција. Кога сите настојуваа да ги намалат даноците, Република Македонија отиде на воведување нови повисоки даночни стапки, од кои подоцна гледаме дека немало никакво фајде, никаква корист, само дополнително го искомплицирало, го загорчило животот и на даночните обврзници и на работодавачите кои ги вршат пресметките за уплати во име на вработените на персоналниот данок од доход.

Значи, овој Буџет е развоен затоа што ги намалува даночните стапки на досега историски најниско ниво во историјата на Република Македонија на 12%, а подоцна и на 10%. Тоа е она кое навистина ние сметаме дека ќе го поттикне развојот во Република Македонија, заедно со сите други реформи кои ги правиме и ако сте скептици дека ќе ја оствариме стапката од 6% раст на бруто домашниот производ, повторно како професионален економист ќе ви кажам дека ако можеше македонската економија без речиси никакви мерки со останати реформи, заглибени во транзицијата да постигне некаде 3 - 3,5 и блиску до 4%, верувајте дека со реформите со мерките кои ние ги правиме и на краток рок ќе ја постигнеме, ќе ја оствариме оваа стапка на економски раст.

Господинот Николов Марјанчо праша нешто што секако со право и други го поставуваат како прашање, што со подготовките за продолжување со втората фаза на децентрализација. Ова е навистина прашање за кое Владата, Министерството за финансии и Министерството за локална самоуправа се имаат сериозно зафатено. Да ве потсетам со законот минималниот период е определен од 24 месеци по стапувањето на законот во сила за евентуален премин во втората фаза. Ние ги цениме сите аспекти на исполнување на критериумите од страна на единиците на локалната самоуправа и навремено ќе излеземе со стратегија која ќе биде јавно презентирана за да можат и единиците на локалната самоуправа да се подготват во насока на натамошните чекори на продлабочување на овој процес на децентрализација.

Господинот Ацо Киров го постави прашањето за штетите во Босилово. Овде веројатно ќе дадам поконкретен одговор кога ќе дојде расправата за амандманот кој верувам дека е поднесен и можеби во некоја друга прилика во текот на расправата, но само да споменам дека ние имаме решение кое ќе го презентираме кога ќе биде време во текот на расправата за Буџетот за 2007 година.

И затоа што господинот Поповски сеуште го нема во салата, не одговара на неговите поставени прашања. Ќе кажам нешто за јавноста која го следи овој пренос и можеби се прашува во врска со некои негови забелешки изнесени за Буџетот и пропратните документи на овој Буџет.

Го спомена Законот за буџетите донесен во 2005 година, кој налага обврска за фискална стратегија, стратегија за управување со јавниот долг итн и некои други документи. Тие се подготвени и Владата на Република Македонија ќе ги достави до Собранието уште во текот на расправата за овој Буџет. Сега се прашувам, кога самиот господин Поповски кажа дека во изборна година дури е тешко некоја влада да подготви буџет и да презентира на Собранието Предлог на буџет за наредната година, како не ставиле предлагачите на законот за буџет минатата година одредба во која ќе се предвиди дека во изборна година можеби е невозможно да се поднесат сите тие документи и тоа квалитетно, да не биде импровизација, да не бидат голи корици внатре без никаква содржина. Но јас ве уверувам дека и макро економската политика и стратегијата за управување со јавниот долг и фискалната стратегија ќе бидат доставени до Парламентот како документи за информирање, анекси за Буџетот за 2007 година.

Бидејќи чувствувам потреба да ги спомнам средствата предвидени за науката, за што забележа господинот Поповски, да ви кажам дека средствата за наука, така како што ние ги разбираме од ставките во Буџетот, ќе бидат повисоки во Буџетот за 2007 година, од она што беше состојба во 2006 година.

Владата има неколку приспособувања што веќе ги има предложено на македонскиот Парламент во вид на амандмани. Само да спомнам дека не се согласувам на тој начин ние треба да го гледаме развојот на науката.

Ако претходната Влада толку била загрижена за развојот на науката односно инвестирала со буџетски средства, не може човек а да не се запраша како ги доведе сите научно истражувачки институции во Република Македонија до мирно гаснење. Вие знаете, сте имале такви точки на дневен ред, како се развиваше науката во Република Македонија, со тој напор или со таа грижа. Науката, не се развива или не се финансира само со средствата од Буџетот, туку

извор на средства се и средства од приватниот сектор, во претпријатијата кои треба да се насочат кој истражувачки активности и кај други форми на извори на средства за развој на науката. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам министре.

Процедурално побара збор пратеникот Димеска Катерина.

Повелете имате три минути.

**Катерина Димеска:** Благодарам потпретседателе,

Се јавувам процедурално со забелешка затоа што и се дозволи на почитуваната колешка денес на говорницата да зборува за се. Зборуваше за законот за празници, зборуваше за енергетската криза, зборуваше за тендерот за ТЕЦ Неготино, читаше текстови од кампањата, при тоа заборавајќи дека на денешмната седница имаме точка Предлог на буџет за 2007 година , буџет кој има просечна стапка на бруто домашен производ од 6 од 8%, за периодот од 2007 до 2010 година, буџет кој предвидува дотации до единиците на локалната самоуправа, зголемување за 27 %, буџет кој не предвидува трошоци за мебел, возила. Исто така сакам да ја потсетам дека денес немаме амандманска расправа. За амандманите ќе расправме тогаш кога ќе се отвори расправа по нив.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Јас само ќе дадам еден краток коментар бидејќи е општа расправа по овој битен документ, многу дилеми произлегуваат од него, така што колешката во своите 45 минути постави одредени дилеми до министерот за што и министерот даде свои појаснувања.

Јас сакам сега да продолжам со реплики по однос на говорот на министерот, бидејќи репликите на говорот на министерот имаат предност.

Меѓутоа, почитувани колеги, бидејќи според евиденцијата што ја имаме на екранот се пријавиле 6 пратеници, најверојатно за реплики на министерот. Времето кое ни е останато за работа, не верувам дека ќе стигнеме да ги ислушаме сите 6 реплики. Затоа јас сакам овде да ја затворам денешната расправа.

Продолжуваме утре во 11,00 часот со нова 20-та седница. По завршувањето на 20-тата седница продолжуваме со расправа по Буџетот односно со репликите по говорот на министерот за финансии.

(Седницата прекина со работа во 17,51 часот)